СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 август 1993 година

Скопје, август 1993 година

**ДИСКУТАНТИ НА II-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 66-ТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 3.08.1993 година**

дискусија по: Предлог на закон за измена и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници

1. АНДОВ СТОЈАН - 12, 99
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 22, 23, 24, 26, 28
3. АРСОВСКИ БРАНКО - 39
4. АБДИ ФАИК - 70
5. ГОШЕВ ПЕТАР - 41, 44
6. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО - 89, 93
7. ДИМОВСКА ДОСТА - 105, 106, 112, 115
8. ЕМИНИ ТУДИ - 53, 54
9. ЛУЛОВСКИ КОЛЕ - 85, 89
10. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 104
11. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 9, 14
12. МИНОВ ПАНЧО - 45
13. МАНЕВ ЕФТИМ - 47
14. МАРКОВСКА ЃУЛЕСТАНА - 50
15. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 81, 84
16. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 66, 69, 110
17. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 59, 115
18. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 34
19. ПРЕВАЛА ШАБАН - 2
20. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 20
21. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 18, 34, 36, 37
22. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 4, 12, 15, 21, 117, 118
23. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 56
24. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 73, 77, 80
25. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 37, 38, 104
26. ТРПЕНОВСКИ ЈОВАН - 63
27. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 113, 114, 116
28. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈА - 100
29. ХАЛИЛИ МУХАМЕД - 16
30. ШАКИРИ ХИСНИ - 49

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Третото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 август 1993 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Ристо Стаменов, Јордан Бошков, Ферид Садику, Џелил Таири, Иван Иванов, Тиме Андонов и Јаким Ивановски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучи

Во меѓувреме пратеникот Џелил Таири се врати. Го поздравуваме, без повреда е, бидејќи имаше една мала сообраќајна несреќа.

Минуваме на **прва точка** - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници.

Предлогот на законот и извештаите ка Ексмисијата општествено - политички систем и Законодавно - правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Сега сме ние на општиот претрес.

Го ислушавме и излагањето на министерот за правосудство господинот Туше Гошев.

I/2.-ДВ/МЛ

Има збор господинот Шабан Превала.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, најпрвин дозволете ми да констатирам дека донесувањето на пакетот на закони, почнувајќи од оној за измена и дополнување на Законот за избор на пратеници и одборници па се до законот за изменување и дополнување на Законот за изборните единици, според моето мислење претставува подготовка за нови предвремени или редовни избори.

Лично во принцип ги поддржувам предложените закони, а тоа значи дека го поддржувам и донесувањето на законот за измени и дополнување на Законот за избор на пратеници и одборници.

Исто така, јас сум за нови избори што би се реализирале во време што ќе оцениме дека е најпогодно. Тоа значи дека сум и за предвремени избори, но под одредени услови. Се залагам за тоа тие да бидат добро подготвени и што е можно со помалку слабости.

Претходните избори беа реализирани врз основа на законски прописи, наследени од претходниот систем во кој на жалост,како што се покажа беа инфилтрирани и недемократски елементи. Затоа можеби, ако дозволуваше времето, подобро ќе беше да се подготват и донесат нови оригинални прописи што ќе бидат израз на новите плуралистички односи, реалните потреби и перспективи на нашето општество. Но, бидејќи расправаме за прописи што веќе се на дневен ред, јас изјаснувајќи се принципиелно за нивно донесување истовремено очекувам де- ка ќе се поддржи и законот за измени и дополнувања на Законот за изборните единици со чие донесување донекаде ќе се елиминираат слабостите на поранешниот закон и ќе се оневозможи манипулирањето како и оштетувањето на одредени фази и групации во изборната постапка.

I/3.-

На крајот да додадам дека расправата по овие закони се одвива три ипол години по заживувањето на плуралистичкиот систем и на плуралистичкото Собрание во Република Македонија. Беше тоа период на успеси и на одредени слабости, но во секој случај период на историски пресврт што влева надеж дека можеме да очекуваме подобри резултати во иднина.

Овој период Република Македонија се конституира како суверена и самостојна држава, се донесе нов Устав, се изврши монетарно заокружување на државата и Републиката стана рамноправна членка на ОН. Исто така, почнаа и некои позитивни процеси во стабилизирањето на економските текови и на планот на порамноправниот статус на Албанците и на останатите национални групи. Меѓутоа, во новите услови императивно се наметнува потребата од поголема доследност на тој план, бидејќи во спротивно резултатите ќе бидат само почетни или половични. Да се надеваме дека новите состави на Собранието и на Владата во тој поглед ќе бидат посмели и поконструктивни. Исто така, очекувам дека меѓу партиите ќе се продлабочи соработката и за многу прашања ќе се постигне политички консензус што императивно е потребно на едно општество и на една држава како што е Република Македонија. Тоа ќе биде гаранција и за постабилни економски и политички текови и услов за афирмација на Македонија како современа и демократска држава во вистинска смисла на зборот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор господинот Стоиле Стојков.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, образложението на коалициоaта Влада дека суштинска новина во измените и дополнувањата на законот за избори и отповикување на пратеници и одборници по итна постапка е можноста 20 пратеници да се избираат врз основа на пропорционалниот систем, ме натера како пратеник да се консултирам со одредени стручњаци од областа на уставното право за толкување и мислење по одредбите од член 62 од Уставот на Република Македонија во кој во ставот 2 и 3 стои: "Пратениците се избираат на општи непосредни и слободни избори со тајно гласање. Пратеникот ги претставува граѓаните и во Собранието одлучува по свое уверување".

Се потврдија со стручно толкување на овие господа моите сомнежи дека Уставот на Република Македонија дозволува изборниот модел во македонската држава да биде единствено и само мнозинскиот во кој граѓаните непосредно го избираат својот претставник со име и презиме итн. Настојувањето на албанско и самограѓанската коалициона Влада да воведе таканаречен комбиниран модел, по мислење на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ е само уште една отстапка на уште една уцена од страна на нивните самонационално албански коалициони партнери, со кои заедно како коалициона Влада владеат со Република Македонија.

Ако се знае дека под пропорционалниот модел граѓаните гласаат за партиски листи а не изборите партиите определуваат кои од лицата ќе биде пратеник, тогаш итноста како потреба за донесување на овој закон уште повеќе ги зајакнува сомнежите за уште едно попуштање на осилените уцени и закани кои доаѓаат од страна на албанските самонационални партии ПДП и НДП, чии главни заложби беа да имаме чист пропорционален систем во Република Македонија и Република

Македонија да биде единствена изборна единица за пропорционалниот изборен модел.

Со прифаќањето на второто нивно барање се гледа дека тоа е едно од тие попуштања што Владата им ги направила, односно на нивното барање за една изборна единица, им е удоволено.

Ако се потсетиме почитувани пратеници за настаните од пред 3-4 месеци во Италија која имаше чист пропорционален изборен модел и аферите со мито и корупција па се до поврзување со организираниот криминал, оној од мафијашки тип, јас би ги нарекол пропорционалните политичари и партии, сама по себе се наметнува констатацијата кој систем е подемократски и им одговара на потребите на загрижените граѓани. Дали мнозинскиот или пропорционалниот.

Има уште повеќе работи кои секој кој е патриотски настроен ко матичната македонска држава, кој го наведуваат да размислува зошто, односно од кои причини Владата нуди измена на законите со овој пакет по итна постапка односно овој таканаречен пакет на изборните закони, на еден крајно сомнителен начин и со такви отстапки и тоа пред најголемиот македонски национален празник Св. Илија. Тоа прашање треба да си го постави и да бара одговор секој македонски патриот загрижен за судбината на својата матична држава. Треба се- кој Македонец да се замисли и да размисли, кога ни се натура закон по итна постапка, како што е законот за измени и дополнувања на Законот за избори и отповикување на пратеници и одборници, со Предлог на закон, со тие и такви измени на чија штета ќе бидат предвидените одредби, односно кој е тој што ќе има политичко предимство во изборите за кои сите овде се изјаснивме дека ги посакуваме предвремените избори. Тоа не е тешко да се погоди, знаејќи дека тоа мораме да го кажеме, албанските избирачи се хомогенизирана маса и тие сите излегуваат на

изборите, а ние Македонците не можеме да најдеме заеднички јазик по основните национални интереси. Тоа се виде и вчера. Затоа ќе повторам пример за тоа е и вчерашното празнување на празникот Св. Илија и Востанието 1903 година што се случило на овој верски, пред се, празник Св. Илија, односно како што е познато Илинденското востание.

Оваа Влада што ни го предлага овој и другите закони со вакви измени и дополнувања, треба да размисли, нудејќи вакви отстапки на припадниците на едно национално малцинство што ќе се случи со такви решенија на изборите кога за најголемиот, да повторам македонски национален празник во македонскиот град Тетово, тоа мораме да го кажеме нема истакнато ниту едно државно знаме на Република Македонија, а албанските сепаратисти на овој свет македонски празник направија и создадоа една невидена еуфорија. Со кого владеете господа само граѓани треба да размислите и какви ќе бидат тие избори и каква еуфорија ќе биде.

Бидејќи мнозинството во овој Парламент го имаат коалицијата, тоа е неоспорно, јас сум недопверлив кон тоа дека нешто ќе ни биде прифатено како амандманска реакција на овој предложен закон и на другите закони предложени по итна постапка, нам од пропозицијата, а пред се тука мислам на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ.

Зошто сме скептични и зошто ќе останеме убедени дека измените и дополнувањата на законот за избори и отповикувања на пратеници и одборници, како да го наречеме, како еден фундамент затоа што и другите се поврзани со овој закон, не обезбедува еднакви почетни услови за сите политички партии кои сакаат да учествуваат на претстојните предвремени избори.

Изборните органи кои ги спроведуваат и ја контролираат демократичноста и законската постапка на учество на политичките субјекти и граѓаните во изборите, нивниот начин на избор и контролата од страна на политичките партии на еднаквиот третман, воопшто не се менуваат и се си останува по старо. Во тие изборни органи се поставуваат и ќе се поставуваат сигурно луѓе од само единствената бивша и сегашна партија и припадници на органите за внатрешни работи. Тоа е ноторна вистина почитувани пратеници. Ако ги погледнете списоците на изборните органи ќе видите дека над 80% се пензионирани припадници или сега вработени припадници на органите за внатрешни работи.

Амандманите поднесени од страна на пратениците од политичката партија ВМРО-ДПМНЕ предвидуваат подемократско и поцелосно учество на политичките субјекти во изборот на изборните комисии и другите изборни органи со чесно признаваше на резултатите од изборите и тоа од страна на политичките партии кои учествуваат на тие избори, а не за верување, како што е предвидено и како што беше предвидено и како што се случуваше од тие изборни органи кои кажав од кого се составени и ден денес.

Начинот на презентирање на партиските програми и заложби на политичките субјекти пред избирачите во јавните гласила и еден така би го нарекол еднаков третман на сите овие политички субјекти, останува со предложените измени и дополнувања неизменет, односно онаков каков б и одговараше на владеачката гарнитура. И во овој случај амандманите поднесени од наша страна предвидуваат еднаков третман на средствата за јавно информирање на сите политички субјекти, но исходот од гласањето ќе го дознаеме, сигурен сум во тоа по расправата за

поднесените амандмани, или да бидам поискрен, не верувам дека некој амандман ќе биде прифатен, а поднесен од страна на опозицијата, затоа што мислам дека се е ова завршена работа. Ние присуствуваме само на една потреба за пред јавноста.

Пратениците од политичката партија со поднесените амандмани предлагаат некои демократски новини како на пример поседување избирачка книшка од страна на секој државјанин на Република Македонија и гласаше единствено со овој документ. Тоа го предлагаме од секому познати причини и случаи од првите повеќепартиски избори кога, тоа мораме да го признаеме, Албанците масовно во еуфорија гласаа по три четири пати со различни документи: пасоши, лични карти, здравствени легитимации, работнички книшки и што уште не, дури и на чесен збор гласаа. За да не се случи тоа, односно половина Албанци од Косово да дојдат и да ни гласаат и на предвремените избори што се надевам ќе бидат многу бргу, за да не се случи такви недржавјани на Република Македонија да гласаат во Република Македонија предлагаме амандмански секој државјанин да има избирачка книшка во која при гласањето ќе се става штембил на одредено место што ќе биде доказ дека тој граѓанин гласал и нема право повеќе пати да гласа. Тоа такво решение го имате во многу демократски држави. Јас незнам зошто во расправата на комисиите оваа заложба не беше прифатена, пред се од претставници на коалиционите партнери.

Предлагаме исто така нашите браќа и сестри кои живеат во странство да имаат право да гласаат покрај во дипломатско - конзуларните претставништва на македонската држава, кои мораме да признаеме ги имаме многу малку, да имаат право да гласаат и во круговите и здруженијата, со присуство на овластен службеник од страна на државната изборна комисија. Но, верувам сите ќе бидеме сведоци кој

и како како пратеници во оваа македонско Собрание ќе гласаат и ќе гласаме за предложените амандмани од страна на пратениците на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Мојот став за судбината на овие амандмани го поткрепувам и со последните сценарија и режии од прославите на македонскиот национален ден Св. Илија. Уште повеќе сќептичен сум кога гледам дека во првите редови при прославите седат и се главни актери сценаристи и режисери, оние докажани агитпроповци, тоталитаристи по вокација и седат луѓето во сенка а народот, сиромашкиот се пече на жешкото сонце.

Во Република Македонија, тоа ме наведува да кажам дека се уште е забрането некој на некого да му викне и да му каже уа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во август сонцето е жешко.

Има збор Авди Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници. Моето излагање најверојатно нема да ја злоупотреби говорницата како што ја злоупотреби мојот почитуван колега Стојков.

Сакам да му укажам нему и на секој сличен што мисли како него дала мојата матична држава е Република Македонија и нема да му дозволам да ме навреди по однос на ова.

По однос на законот за изменување на Законот за избор на пратеници и избор на одборници, го кажувам следното:

II/1 РД/ПН

**АВДИ МУРТЕЗАНИ**: (продолжение)

Пред составување на повеќепартискиот парламент, во овој состав на Собранието на РМ сите пратенички групи, сите политички партии, кои делуваат во РМ имале доста забелешки за изборните закони, а тоа е Законот за избор на пратеници и отповикување на пратеници и одборници, меѓутоа, со тек на времето некои од партиите се откажаа од ова. Затоа јас на минатата седница, односно на првиот ден на оваа седница гласав против. Не против донесување на овие системски изборни закони, туку против донесување, односно шминкање на вакви значајни закони. Мислам и со полза одговорност тврдам дека со овие закони ќе направиме голема штета и за демократијата и за плурализмот во Македонија ако ги донесуваме по итна постапка. Затоа предлагам сите овие 4-5 закони кои се предложени да се донесат во редовна постапка. Еве зошто? Ако овие закони ги донесуваме, што најверојатно ќе ги донесеме, поради тоа што коалиционите партнери се договориле и тоа скришно од другите, наводно дека собрале 61 потпис за нови предвремени парламентарни избори. Меѓутоа, од што се плашам јас? Како член на Народна демократска партија, што понатаму не би рекол, сме за нови предвремени избори, меѓутоа со исполнување на одредени услови, т.е. донесување на овие закони во редовна процедура и друго, изменување на законот за изборните единици, каде што ние имавме доста забелешки, заради тоа што се знае, а и јавноста знае и сите знаеме дека за одреден кандидат, односно пратеник гласале во одредени единици многу помал број на граѓани, а за друг пратеник во западниот дел на Републиката гласале дури и 16 илјади граѓани. Според тоа, за ова треба да се води сметка. Ние сме за тоа цела РМ да нема изборни единици, да има една изборна единица за комбинираниот

систем и сметаме дека во оваа фаза ќе биде голема грешка со вакви предлози, односно со овој предлог што го нуди Владата, поради тоа што сметаме дека половината од составот треба да биде избран по пропорционалност, а половината од мнозинскиот систем и според тоа сметаме дека во оваа фаза при развитокот на демократијата кај нас би било нереално. Зошто би било нереално? Би било нереално поради тоа што за одговорноста за општата политика и за сите текови во Републиката би ги презеле не само партиите кои партиципираат во ова Собраниве, туку и другите партии, политиката би била пореална, одговорноста би била помала за сите нас, поради тоа што сме во тек на развитокот на демократијата кај нас. Овие се наши размислувања. Ние знаеме дека овие; закони кои сега се предлагаат да се изменат ги донесе комунистичкиот систем и според тоа, тие одговараат на одредени политички партии, но не на сите, не почнуваме од фер плејот, поради тоа што некои од партиите кои се во ова Собрание веќе се распрашани, а некои кои се регистрирани никој не ги прашал. Според тоа, мојот предлог би бил сите овие 4-5 закони да се донесат во редовна процедура. Зошто се плашам? И пред јавноста и пред вас сакам да го искажам моето лично мислеше, може некој ќе мисли ова го правам од не знаеше на право, или пак сакам да ја злоупотребам говорницата, што најмалку и мене и секому му е потребно. Кога би се донеле овие закони во кратка постапка најверојатно другиот чекор би требало да биде 61 потпис и бараше да се свика Собранието на РМ за донесување на одлука за предвремени избори. Тогаш би се распуштило Собранието и фактички Владата би ги презела сите ингеренции што б припаѓаат и на неа и на Собранието. Кога се има предвид каква Влада имаме дали лева или десна, без разлика што некои од моите колеги мисли ќе биде вака или онака, фактички тие ќе донесат акти и тие уредби со законска снага и фактички би дошло до

злоупотреба на демократијата. Ако се има предвид дека од една од политичките партии излезе и предлогот за избор на претседател на РМ, лично сметам дека може врз база на Уставот да се врши притисок на претседателот на Републиката и овие предвремени избори да не се извршат никогаш. Би бил пресреќен ако не биде вака. Меѓутоа, може сите да размислиме, носиме сите одговорност и според тоа сметаме дека овие закони ние не би требало да ги донесеме во скратена постапка. За мојот предлог би сакал претседателот на Собранието да го стави нас гласање и уште еднаш ако може, ако не може јас ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас би објаснил еден деловнички факт. Бидејќи предлогот на г-динот Муртезани се однесува на постапката да не бидат под итна постапка, туку во редовна постапка, тоа не е можно сега да го ставам на изјаснување, бидејќи тој дел го разјаснивме кога беше овде претресот како да се утврди дневниот ред и итноста тогаш беше оценувана. Може нешто друго да се случи, тоа во Деловникот е јасно кога се усвојува да се донесе закон да се одлучи и инаку и така натаму, да се усвои предлогот за донесување на закон и понатаму постапката. Меѓутоа, тоа е работа веќе на Собранието, а не да се менува дневниот ред.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, пред с€ со моето излагање не сакам никого да навредам, меѓутоа г-динот Авди Муртезани се чувствува навреден со тоа што кажам дека ние македонците навистина ја имаме само оваа држава и оваа држава ни е матична држава, а знаеме дека на Албанците матична држава им е Албанија, без разлика како тие ќе тврдат или нема

да тврдат, меѓутоа тие се најосновни факти. Вчера дури и премиерот Бранко Црвенковски кажа дека ова е матична држава на македонскиот народ. Во ред е и за тоа се согласуваме. Добро е што постигнавме еден консензус во тоа.

Втора работа нема лично навредување во ништо кога во оваа македонска држава пратеник од овој Парламент се чувствува наведен, затоа што друг пратеник, како што јас спомнав дека во Тетово, а тоа сите го пишуваат и средствата за јавно информирање и пред тоа е кажано дека во Тетово немаше вчера за најголемиот македонски празник ниту едно државно знаме. Вие господине Муртезани гласавте за таа Влада, вие одлучувате, вие сте во таа Влада, вие раководите со државата, а во исто време се создаваше еуфорија од Албанци кои носеа туѓи знамиња, знамиња на туѓа држава на Република Албанија. Ако сте лојален граѓанин како што велите, која држава ќе го задоволи тоа на територијата на нејзината држава не се вее националното знаме, туку се вее знаме на друга држава. Јас очекував вие да се оградите од тие таму што правеле еуфорија со туѓи знамиња, а не да ни кажувате дека сум ве навредил, туку сум кажал една вистина. Сите граѓани во РМ знаат дека вчера тоа нешто се случи во Тетово. Да се вее знаме на туѓа држава на национален празник на Македонската држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ги молам пратениците ако можат во репликата нешто да појаснат во претходното свое излагање, а не да се обраќаат еден на друг и да зафатат сосема нови теми, а не оние кои се на дневен ред.

II/5

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Најмалку сакам да реплицирам, меѓутоа уште еднаш повторувам дека мојата матична држава е Република Македонија. И нема да му дозволам на господинот Стојков да се чувствува појак од мене. Меѓутоа, за што можам Да заклучам. Јас се извинувам и на јавноста и на секој чесен човек во Македонија без разлика на која вера и нација му припаѓа дека таквите дискусии најмалку водат на формирање на една демократска држава. Ми се чини дека целта не е во тоа, туку целта е во не создавање на таква држава. Јас ќе се борам со сите средства демократски да се конституира како што се конституира РМ како демократска држава, на сите кои живеат во Македонија, а и за мене. За мене е матична држава, за другите незнам. Тоа е едно.

Второ, по однос на Законот за употреба на знамињата г-динот Стојков нека гледа во 1973 година од страна на тој комунистички систем кои ние го напаѓаме, а во одредени работи во кои ние назадуваме и сега во демократијата, меѓу првите РМ имаше донесен закон за употреба на знамињата на националностите. И ако во Уставот на РМ не постои одредба во која се вели дека припадниците на националностите и на другите имаат право на употреба на своите симболи, со полна одговорност можат да кажам дека тој закон е на сила и понатаму, со никој акт не е повлечен, поради тоа не може да се зло- употреби. Според тоа, тоа знаме е знаме на Албанците кои живеат во РМ и мое знаме. Тоа не е знаме на туѓа држава. Меѓутоа, би го прашал г-динот Стојков за она Крушево за 2 август се бореле покрај Македонците за оваа денешнина и Албанци и Власи и други и трети. Фактички според тоа зошто тој со толкава демократска душа не побара да се постави една албанско или друго знаме во Крушево, туку сака да ја присвои историјата само за себе, но не ќе може.

II/6

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам да не изгуби и репликата смисла која ја има. Да се појасни нешто што веќе е кажано, а не да одиме во нови експликации.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

За тоа .очигледно некој сака да наметне во оваа македонска држава консакации кои немаат ништо заедничко ни со Уставот ниту со законите. Меѓународно прифатен термин национално малцинство во нашиот Устав стои и се нарекува националност. Друго е националност, или национално малцинство. Значи тоа национално малцинство има своја матична држава, затоа е национално малцинство. А втора работа е како кој граѓанин се чувствува во оваа држава. Тоа е негово право. Меѓутоа, тој што ја сака оваа македонска држава, тоа што му го пружа државата, треба за тоа тој да и врати со својата лојалност, со почитување на законите и така натаму. Сведоци сме што се случува.

Втора работа, имало закон за употреба на знамињата на народностите како што беше тогаш, а сега за националностите како што е во нашиот Устав. Тој закон јас многу добро се сеќавам кој одредби ги имаше и таму велеше дека симболите на тие народности ќе бидат, меѓутоа требаше да стои и таа петокрака ѕвезда и т.н. Така беше дефинирано во тие закони. Меѓутоа, во Тетово имавме чисто употреба на знамиња на друга држава. Јас ќе вепам тие да не си ја сакаат својата матична држава. И Албанците нека се ја сакаат нивната матична држава Албанија меѓутоа, треба да бидат лојални граѓани, зашто сите права како граѓани ги уживаме и јас како Македонец и вие како Албанец, тука сме еднакви. Затоа велиме дека оваа држава по преамбулата на Уставот е

држава на Македонскиот народ и на сите рамноправни граѓани во оваа држава кој во нормативниот дел на Уставот се изедначени. Сите права им се еднакви. Јас така сакам да го почитувам Уставот, а не да се однесувам дека и оваа е моја држава, а друг да дозволам да ми ја руши државата, да ми ја дели, да ми ја федерализира итн. Затоа треба да внимаваме и да ги знаеме нештата. Затоа очекував од вас господа да станете и да се оградите од тоа што вчера се случи во Тетово. Така се докажува лојалноста кон оваа македонска држава што велите дека и ваша држава и така ќе ве чувствувам дека сте исти граѓани и дека подеднакво ја сакаме оваа македонска држава. Само на тој начин кога еден од вас ќе стане и ќе се огради од такви еуфории, од такви екстреми и така натаму.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Господин претседателе, почитувани пратеници, пред да го читам овој текст, една процедурална забелешка сакам да искажам. Сакам да ви кажам дека како пратеничка група ние немаме намера денеска барем да расправаме за меѓунационалните односи. Кој тука смета дека е способен да расправа за тие теми, јавно јас го повикувам на една емисија "Без наслов но со повод" за да не ја злоупотребуваме говорницата.

Пратеничката група на ПДП смета дека од приемот на РМ во ООН и особено по нејзиното зачленување во меѓународните економски и политички институции, неопходни се и предвремените избори кои ќе бидат во функција на зацврстување на меѓународните позиции на

Републиката како и во функција на зајакнување на внатрешните економски и политички состојби. Предвремените избори ќе. придонесат за афирмирање на демократските определби на надворешната политика на РМ, како и афирмирање на демократските процеси кои се во почетна фаза. Овие избори се повеќе од потребни и од фактот дека сегашниот состав на Собранието на Републиката не е во состојба да даде потврден одговор на многу суштествени прашања, затоа што секогаш на прв план излегуваат партиските или личните интереси на пратениците, занемарувајќи ги општите интереси, интересите на граѓаните. Дека овој пратенички состав е веќе истрошен зборува и тоа дека недостасува интересот за работа кај поголемиот број од пратениците и како разлутат на тоа и често пати отсуството на кворумот за работа.

Пратеничката група на ПДП смета дека Владата требаше да ги има предвид горенаведените факти и интензивно да се подготвува за предвремените избори.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ: (продолжение**)

Тргнувајќи од тоа Владата требаше навреме до Собранието да ги достави актите што ќе овозможат слободни демократски предвремен избори. Предложените предлози на закони за изменување и дополнување на закон што треба да создадат услови за успешно реализирање на изборите не ги задоволуваат критериумите на успешни демократски избори. Затоа, сметаме дека Владата требаше на Собранието да му достави нови закони што ќе бидат во функција на предвремените избори.

Со оглед на тоа дека ова не е сторено, сметаме дека е неопходно Владата на РМ да прифати некои наши сугестии и амандмани со цел да се изнајдат излезни решенија за многу наши дилеми околу начинот на организирање на изборите.

Пратеничката група на ПДП смета дека за успешно спроведување на предвремените избори неопходно е да се донесе и Законот за изборните единици. Аргумент повеќе за нашето залагање за тој закон е дека тој закон е усвоен од стариот состав на Собранието на РМ во времето кога еднопартискиот систем, полека но сигурно го препушташе местото на повеќепартизмот, како и тоа дека истиот закон е предложен и усвоен во други услови на дејствување и дека не одговара на времето и просторот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор бара господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници,

Излегов само да кажам дека според Уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ во членот 10 јасно се говори дека Собранието треба да донесе закон за избор на пратеници. Оттука, секое

III/2.-

повикување дека со овој закон ќе се овозможи поголема демократизација и сл., мислам дека не е точно, а еве зошто:

Ние како држава се наоѓаме во процесот на конституирање во сите елементи, а тоа значи дека како држава ќе треба да направиме процесот на демократизацијата да дојде до полн израз. Како може да дојде и да се формира Република Македонија како држава ако не се почитуваат одредени темелни вредности токму на таа држава?

Еве, ќе кажам еден пример како се обидува постојната коалициона власта го изигра системот и народот!

Сите вие добро се сеќавате дека кога се донесување Уставот на РМ овој Парламент изгласа одредба со која РМ ја прогласи за матична држава на Македонскиот народ. Тоа е толку неспорно, тоа е чудо како некој заборава.

Ако веќе во тој период се донесе таква одредба во Уставот на РМ јасно произлезе дека оваа Република е матична држава на македонскиот народ со сите вредности и со право на граѓаните да живеат во неа.

Се сеќавате што се случи. За 24 часа по нечиј налог се промени таа одредба од Уставот и Македонија доби друга дефиниција. Видете, значи во тој период оној што го предложи и наложи тоа беше изложен ан одреден притисок.

Денеска нашата партија ВМРО-ДПМНЕ смета дека повторно имаме притисок од истите оние кои успеаја да ја сменат дефиницијата на Република Македонија. Знаете пи што практично значи воведувањето на пропорционалниот систем во услов кога Македонија треба да се конституира и зацврсне како држава на македонскиот народ на Балканот, нам ни се протурува и во одредена финеса пропорционалниот систем. За Република Македонија треба во наредните три-четири изборни периоди само мнозинскиот систем. Тоа е принципот што треба да се почитува и со што ќе се заштити македонскиот национален интерес.

III/3.-

Јас не сакам да се впуштам дали за Албанците, на народите е матична држава. Секој граѓанин треба да ја почитува државата но во основата на оваа држава стои македонскиот народ. Оттука сметам дека треба да се даде какво е ова минирање на изборниот систем во еден процес со поведување, протнување на дел пропорционален систем, а тоа , тврдам е под притисок.. Мислам дека овој Парламент не треба да работи под притисок. Едноставно треба да носи закони што ќе ја зацврстат државноста на Републиката и нејзиното меѓународно признавање. Толку за сега.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, прво би сакал да ве потсетам дека ние истите колеги 76 гласавме дека овие закони треба да одат по итна постапка. Што значи дека денеска што би расправале околу тоа дали да одат по брза постапка односно по итна постапка, мислам дека ќе биде сувишно. Иако и јас делам мислење со можеби грото од пратениците дека би требало да се оди на закон што ќе беше сосема нов, без измени и дополнувања. Меѓутоа, веројатно пратениците, знаејќи дека е време, ценејќи и сами дека би требало и вредно би било да се оди на предвремени избори, мислам и под таа психоза гласаа 76 пратеници токму затоа да се оди на предвремени избори.

Добро е што во овие измени и дополнувања се оди на тоа да се добие се повеќе една претстава реална каков е составот национален на Република Македонија. Мислам дека е за поздравување тоа што се оди на 120 со мнозинскиот систем и 20 со пропорционалниот иако би требало можеби тој пропорционален број, пропорционалниот систем ќе требаше

да биде застапен со повеќе пратеници, не 20 туку некаде околу 50 или 70.

Овој закон, иако оди по итна постапка исто така мислам дека би требало да се прифатат некои амандмани односно корекции дадени од одредени пратеници односно пратенички групи, само тие што навистина ќе овозможат демократски и праведни избори.

Меѓутоа, како што почна расправата од одделни пратеници, а на последниве седници господинов Стојков добро напредува и ни сервира свои сугестии и мислења кои јас би сакал тие мислења и негови сугестии и понатаму добро да ги аранжира во својата партија дури и во предизборната кампања,затоа што ако оди со тоа што одеше и тој и неговата партија пред 3 години ќе погреши во време после 3 години и најверојатно и јас ако настапам понатаму како што тој настапува истиот ќе се врати во "Стаклара" ќе работи, јас во работното место "Зеф Љуш Марку" каде што треба да бидам. Затоа што јас мислам дека се освести овој народ и ќе гласа, нема да гласа само за партијата туку ќе гласа за пратеници и за мене дури добро што ја почна така предизборната кампања. Нека продолжи за да го снема,односно нема да го има во овој состав на пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само едно, ве молам, еден со друг да не се занимаваат од говорница. Тоа нема смисла. Кого ќе има, како ќе го има, кој кога како кажал, дајте да зборуваме за ова што е на дневен ред, Ако може да се држиме за дневниот ред.

Господин Стојков бара реплика.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

За реплика имам деловничко право што го дозволува Деловникот.

Инаку, точно е тоа дека дали ќе го има некого или ќе го нема и во овој Парламент и воопшто дали ќе живее зависи од многу работи и ова го сфаќам како едно чисто заканување затоа што е очигледно некому не му одговара да се каже вистината во РМ. И, точно е тоа, за следните избори, дали тие ќе бидат предвремени, а би требало да бидат предвремени како вие што кажавте, и ние се согласуваме со тоа, точно е тоа и буквално македонскиот народ треба да види кој е тој што сака да му ја продаде државата, да му ја подели државата. Ќе го увиди тоа и навистина ќе се определи за единствената партија што го штити македонскиот народ, а тоа е ВМРО-ДПМНЕ. Сигурен сум во тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сепак е ова говорница, говорница на Парламентот а не е политички митинг.

Ако може да продолжиме со работата. Има збор господинот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Дами и господа, доста манипулирате и демагозирате со народот во Македонија.

Дали е времето за предизборна кампања и дали е времето за избори? Според мене беше едно време кога реков "железната метла и од тука сите надвор". Беше пред година ипол. Меѓутоа, овие фотелји на некого се добри, било од кариеристички, било од националистички, било од демагогии продавање. Ајде, да не ги бројам со ред сите работи.

Меѓутоа, треба сите да сфатите да сфатите сите кои сте во овој Парламент дека живеете во една држава која се вика РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, било до која партија да сте, било во кое крило на

партијата да припаѓате свесно и совесно во вашата мисла да ја имате Македонија. Се друго што имате ќе го оставите дома во куќата. Се друго што мислите е злоба и сатана во вашите души. Јас ве читам сите, било мојата партија, било Либералната партија, било партијата на СДС, ПДП-НДП итн.,итн. Господине Фаик вие припаѓате на Социјалистичката партија и таа ќе ја спомнам.

Во што е работата? Во што е работата? Јас не зборувам демагошки и ми се. чини имам право да ве скарам бидејќи сум најстар, секого од вас. Ќе речете - ма што си ти бе Митко, па бегај од таму, липсај се. Јас го мразам секој човек што шири демагогија и кавги меѓу луѓето и ќе останам до крај, еден пат од тоа место ви реков - и мртов ќе бидам, тоа може некому нема да му се допадне, земјата ќе зборува за Митко и ќе останам чисто ВМРО....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само ве молам да се држите за дневниот ред.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

И нема никогаш да ги издадам интересите на оваа држава. Кој сака да реплицира ќе го молам веднаш да дојде тука....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, не е за тоа него немојте да се колнете сите што ќе дојдете овде на своите партии ...

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас сум се заколнал кога сум се родил уште...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Зборувајте за Законот. За законот.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

И ќе ве молам, не ме прекинувајте.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Како не, мене тоа ми е задача..

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Не, ме прекинувате затоа што никогаш не ве прекинав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, зборувајте за тоа за што сте дошле овде...

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Е, сега ќе одам понатаму...

**СТОЈАН АНДОВ:**

За она за што ви дадов збор.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Ќе одам понатаму, ќе одам понатаму.

Два ипол години седиме во овие клупи, две ипол години филозофираме, две ипол години демагогија шириме. И на еден пат и еден пат сакаме за еден - два дена да ги донесеме сите закони. Мајката! Сите закони за еден ден а две ипол години што правевме? Тоа го нема тоа не е демократија. Е тоа е демагогија, тоа е демагогија.

И тоа, сме ги запоставиле сите системски закони. Сите системски закони ги оставивме во едно ќоше и сега некој “паметнаковиќ” нека ми извини Владата не е тука, а, министрите тројца се тука, во такви услови и во такви времиња целата Влада треба да биде присутна затоа што во Законот за изборите и во законите што ќе уследат треба сите да бидат тука да слушнат секој пратеник што кажува и секој да забележи затоа што ќе падне сферата на политиката, понатаму ќе кажам, сферата на економијата и сферата на демагогијата.

III/8.-

Еден голем прашалник е зошто до сега не се носеа законите? Се што сме зборувале и против претседателството, не против ова, туку против што се одложуваа седниците и против Владата одлуките за закони што не ги даваше итн.,итн. Падна една Влада, дојде друга Влада и продолжува. И сега, оваа Влада решава, ела, во куп сите закони. И порано се сеќавате дека во пакет ќе одат закони. Тоа остана, нека не се вреѓаат овие либералите, пакетите на Марковиќ и порано уште.

Никој од нас, никој од нас, никој од нас, веќе почна таа предизборната кампања, предизборна демагошка кампања е почната со неколку празници што денеска, за најголемиот празник наш јас гледав на телевизијата и сум бил на некои места но не се појавива затоа што гледав дека овде веќе кај нас почна предизборната кампања, со искористување на некои акти, некои историски моменти што се имаат случено кај нас. Меѓутоа, да знаете, го имам тоа право да кажам, на тие празници не гледам никого од постарите генерации што сме биле по затворите нивните деца, нивните внуци да се присутни меѓу тие таму што седат во клупите. Тоа е првата забелешка за сите. Тоа и не беше државен празник. Партиите кога треба да слават партиите, треба да си слават само за партијата нивна. Кога е државен празник тука треба да бидат учесници сите партии и да имаат место и за оние кои ја градеа таа држава и да има почесно место за оние кои ги дале животите а оставиле поколенија, а тие ги нема никаде и никој не ги бара.

Што се однесува до знамињата во Тетово, ако е така тоа, прво ја обвинувам Владата и дотичното Собрание во Тетово ако тие не го истакнале националното знаме на Македонија.

Второ, не ќе смее никоја политичка партија во Македонија бидејќи рековме сите сме граѓани во оваа држава и лојални граѓани на таа држава да ставиме во тој момент партиско знаме на улица или на куќа. Нека тие знамиња стојат во фиоките кога ќе се држат тие митинзи односно предизборната кампања. Тоа е голема грешка и никој не може

да се бие во градите дека ја сака Македонија а не го почитува бајракот на Македонија. Тоа е грешка, нека ми простат. Секој од нас.

Ние даваме реклама, јас редовно ја следев емисијата што се даваше, емисиите за нашиот државен празник. Меѓутоа, во средствата за информации, кога зборувам за средствата за информации зборувам воопшто за сите средства, не се дава така простор како што треба да даде една држава, како што даваат други држави надвор од оваа држава.

Многу мали простори, во сите информативни средства дадовме за нашиот државен празник кога треба да го дадеме тоа.

Сакам да се разбереме, кој се манипулира со оваа држава? Мене ми се чини дека тука има многу простор за тоа прашање да за- станеме и да го дискутираме, да го анализираме и после да дојдеме до една цел со која ќе се обединиме...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (Продолжи да ја раководи седницата)

Ве молам, за законот да говориме а не за сите овие прашања.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Јас мислев господин Андов е ама господин Тито е. Добро. Без клучните закони, еве веднаш се враќам, без клучните закони што ги пропуштивме до сега ги оставивме во ќошот не смееме да одиме, не смееме да одиме во една хајка па утре да ни биде криво на секого дека сме пропаднале или сме грешеле или прескокнале, итн. итн. Но, што е, тоа е.

Сега се дава да се донесе закон под итна процедура и тоа да се прифати. Ние гласавме за тоа законот да влезе во процедура. Сега тука нормално ќе има амандмани, ќе има дискусии и сето тоа како ќе заврши, незнам.

III/10.-

Но, да ве опоменам кога сум тука. Во Бирото за трудот има 49 илјади без работа. Во ова наше биро. 49 илјади. ВО цела Македонија незнам колку има. Дали некој од вас, дали некој од вас, еве дофрлате 186 илјади, благодарам, дали некој од вас седнал трезвено да размисли и како е таа ситуација. И, што ќе правиме со тие луѓе? Знам дека има моќни партии тука и добро се финансирани. Без број ќе лепат слики, плакати ова, она, така, и ќе чекаат од тој без работа да му фрли ливчето, да му даде глас, за да утре биде спасен. И, тука ќе има манипулации затоа што човекот гладен, ако не му дадеш цел сомун, а му дадеш една коричка леб ќе преживееете, вика, еден ден, ќе се излаже. Но, повеќе не може да го лажеме народот, да знаете.

Ако не сме свесни во ситуацијата во која сме паднати, а за тоа има причини, не сакам, само малку ќе ви спомнам, ние не донесовме закон за да се види кој ја украде оваа држава.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:** (Продолжение)

Значи секој можеше да краде, да лаже и сега треба да излезе- ме на избори. Меѓутоа, за тоа друг пат ќе кажам поопширно.

Информативните средства, во нашата држава, рака на срце, информативните средства припаѓаат на системот кој досега живееше и живее. Тука никој не може да каже дека не е така. Сега некои моќници ги држат тие информативни средства. Меѓутоа, ако одиме на предвремени избори тогаш треба да го демократизираме системот на информативните средства. Во никоја држава во светот не одат на избори ако секоја партија не ја кажува вистината и сите партии ако не ја кажуваат вистината пред народот. Не смее тој да ме напаѓа, Митко бил вака, Митко бил онака незнам што бил, а Митко не бил ништо од тоа. Од такви маркетинзи да се избегнува,а ќе се избегнат ако сите информативни средства бидат на ниво на државата која ја градиме. Ние многу лесно, многу лесно ние сме како човеци,многу лесно веруваме на лагата, а многу лесно веруваме и во вистината. Ако прескочиме само малку од лагата ќе поверуваме во вистината. Интересни табиети, интересно сме изградени како луѓе.

И нешто друго. Статистиката кај нас ја нема. Ние не се знаеме колку сме, што сме во оваа држава. Немаме статистички податоци кои сме и што сме. Сфатете дека статистика не постои. Друго, немаме закон за вистината. Немаме закон за лична карта, ја спомна некој од колегите, јас имам забележано, лнгитимација по која се гласа. Во целиот цивилизиран свет, во сите демократски држави постои легитимација со која излегуваш на избори. (Му се обраќа на Цветан Јовчевски)

Цветане, ти дома ќе дискутираш. Ти си осум години тука и уште не си се научил на ред. Јас ќе се обратам на мојата парламентарна група да биде повнимателен. Јас внимателно ги слушам и другите парламентарци кога зборуваат. И немој да црвенееш. Затоа што на некого му  е добро.

Да ви кажам само една вистина. Моето дете е 45 години и лежи дома без работа. И му реков дека ќе лежи кога има 189 илјади невработени во Македонија како што умираат тие, ќе умреш и ти, иако има две деца.

Социјалата е на најниско ниво. Ние ништо не сме решиле. Од каде да почнам незнам. Ги оставаме луѓето без работа, гладни, пензионерите без пензии и ние сега филозофираме.И веднаш се поставува прашањето кој е тој сега што ќе влезе во Парламентот? Господине Стефковски, бевте вие тука, јас не ви пречев. Не му пречев и сакам да биде внимателен, затоа што ништо од тоа не може да гибне, само Митко може да ги каже тие работи. Значи досега според мене ништо не сме донеле позитивно кое ќе влијае на луѓето. Никој од нас тука не се грижи за човекот. Тоа да го знаете. И веднаш се поставува прашање, па кој ќе се погрижи? Ќе си одиме ние, ќе си дојдат други. Сега јас се прашувам кои се тие другите? Народот ќе каже за нас, бидејќи не виде убаво кои сме. Народот е народ. Ние го претставуваме народот и не донесовме ништо за тој народ да го избавиме од катаклизмата во која пропаѓаше. Улогата на еден човек во семејството е да го запази семејството, улогата на Парламентот е улога која треба да го запази народот, луѓето што живеат во целата таа држава. Ние не сме дојдени тука да се тепаме да се караме, ние тука сме дојдени за да донесеме закони и нормално човек мора да ги брани партиските интереси, ако не ги брани партискиот интерес не личи. Не сакам да ги навредувам независните кандидатите затоа што и тие на некој начин многу повеќе допринеле од нас за оваа држава. Република Македонија има способни луѓе, оваа држава, но тие се на улица, тие се надвор од овој Парламент тие се без работа, тие се надвор од оваа држава и тие не најдоа место во ова катче од земјата.

Сега една друга работа. Има скоро две ипол години ја кроиме ја градиме, што ја правиме Македонија. Секој има право да го смени името, секој две недели а ние да дигаме рака. Не. Тоа не може да се случи. Името на Македонија никој нема право да го смени. Апсолутно тоа е големата вистина. Секое ново име, ти си нов човек.

Вчера слушав некој говор, ми се чини од претседателот на Републиката, не е тука, јас не смеам кога човек не е тука да кажам но мене малку ме дирна тоа кога претседателот на Републиката дозволува не сакам да го нападнам најискрено ви викам, да каже дека. нашата Република, нашата државност почнала некаде од АСНОМ. Тука историчарите и слични како нив тоа треба да го кажат . Сакаме да докажеме дека ние сме еден народ кој постоел и ќе постои. И никој не се зафати да каже во тие говори дека од тогаш постоиме и ќе постоиме, историските факти да бидат вистинити. Тоа го згреши, нека ми прости господинот претседател на Републиката, но тука има голема грешка, а тоа оди во пошироките информативни средства низ светот. Не треба да се негираме самите. Негирајќи се сами, негираш с§ што досега си имал. Тоа е голема грешка.

Една работа, за да имаме јака држава, да бидат праведни изборите треба да исфрлиме се од душата што не е државно. Само така ќе успеат и изборите. Јас лично сум за мнозинскиот систем. Знаете зошто сум за тоа? Не од некои други побуди, туку сум! за тоа затоа што ја гледам моќта на државата. Ако имате скриено некои пари некаде, па да ги извадите, дај боже така да е, да имате пари па да фрлите на луѓето. Меѓутоа, ја гледам моќта на. државата. 120 пратеници сме тука во овие клупи и треба да имаме 140 пратеници. Јас ќе ве прашам, а ќе бидеме професионални, јас ќе ве прашам кој ќе не плаќа? Државата. А кој ја прави државата? Народот. Да не те плаќаат тие што ќе бидат 250, 300 илјади без работа? Не. Прво еј тоа економската страна на државата,

моќта на државата не е таа кога може да ги плака толку голем персонал. После тука е Влада и незнам што. Јас сум за тоа да биде оној мнозинскиот систем со 120 пратеници. Кој ќе добие, со среќа нека му е. Ова другото да се исфрли затоа што тука се плус 20 луѓе товар на државата. И од политичка гледна точка понатаму ќе се види зошто тоа не е правилно. Јас уште пред две ипол години гледав дека работите не чинат во државата затоа што не чиниме и ние. Меѓутоа, јас сум за тие предвремени избори, но секој да ми каже од партијата ќе барам со кои средства и од каде ќе ги најде тие пари, затоа што јас математички така изработив, околу 10 милиони долари, тука некаде таа цифра се движи за едни избори. Ако имате такви луѓе, ама јас пак тие луѓе ги молам ако имаат 10 милиони долари да ги дадат во социјално, луѓето да земат пензии, една фабрика, две да проработи. Но, сепак сум за тоа, не демагошки. Јас сум и тој што ќе ги нападнам и некои кои што до вчера ми биле пријатели, демагози, И не се плашам. Од никој не се плашам. Затоа што животот ме научи повеќе да не се плашам и во овој парламент животот ме научи да ги гледам луѓето во лице, да ве гледам и да ве ценам. И тоа што сум го рекол се доближуваат и тие денови. Само можеме да успееме во животот ако сме еднакви, ако го почитуваме законот, ако се цениме како луѓе,ако ја сакаме државата и ако градиме широка демократија во овие пространства. С;ето< друго ќе падне во вода. И обрнувам внимание на Владата. Тука е министерот за внатрешни работи и министерот за правосудство. При секој државен празник вашите компетенции се да обрнувате внимание по сите собранија порано имаа координатори, тука има уште некои координатори што биле порано во тие општини има и кај нас такви уште, тие координатори знаат како тие работеле со комунистичките општини. А вие сте за тоа поставени да координирате со сите општини во Македонија кои знамиња и какви знамиња можат да се ставаат на државни празници, а кои знамиња

на свадба, кои знамиња незнам каде. Затоа што тежината утре ќе падне на вас двајцата ми се чини најповеќе министерот за правосудство и министерот за внатрешни работи. А вие сте тие кои треба да го штитите законот, а вие ќе бидете и тие утре ако останете истите кои треба да ги заштитите од неправедни избори. Тоа да го имате на памет.

И една друга работа, јас ги разгледувавме законите кои треба да ги донесеме, односно Законот за избор на пратеници,одборници итн. Тука имам големи забелешки на Законот затоа што јас ќе дадам и еден амандман подоцна, затоа што ми се чини дека се е преземено од стариот закон на СФРЈ, на СРМ и тука е префрлено само со мали измени. Сите ние сме свесни, треба да бидеме свесни дека стариот систем пропаѓа и не можеме ние со сила да го држиме. На пример кога сакаш нешто, се собраа 50 доктори за да спасат еден човек, но тој е пред умирање, не постои лек и умира. Така е и со системот. Јас да не ве изморувам многу, бидејќи го гласаме ова за предвремени избори. И едно друго внимание ќе обрнам спрема сите вас од партиите дека држава со кариеристи, со демагози, со луѓе кои шират дезинформации, држава не постои. Постојат демократски држави во кои постои закон и државници. И тука ќе се внимава при изборите кој може да биде пратеник во оваа напатена земја. Да се отвори картата на вистината. Ако не се отвори картата на вистината, ние тешко ќе изградиме и ќе направиме држава. Комуникациите треба да се водат меѓу нас луѓето и изборот да биде вистински на тој пратеник одборник итн. кој ослободени од демагогија, кој е ослободен од сатаната. Кој оди во црква, а не се моли на господ, се моли на сатаната, кој кога ќе оди дома мисли како ќе му ги убијам филан, филан, како ќе го уништам Митко, Трајко, Петко или Станко. Тој не е пратеник, тој не е народен човек, тој не верува ниту во господ, ниту во верата на која и припаѓа, ниту во човекот, сосема малку во човекот.

Тоа е друго, партиите тоа ќе го направат и предизборните кампањи. Како член на таа пратија ВМРО-ДПМНЕ ми се чини го делам мислењето на сите вас пратениците, иако по некогаш и свикувам затоа што денес баш имам една болка што не сакам да ви ја откријам, еден бол и тоа психички бол и физички бол имам и не можам да истрпам некои работи. Меѓутоа сметам дека трезвено, паметно ќе видиме што треба сега да направиме понатаму со овој закон и законите кои треба да ги донесеме. Ќе ве молам, никогаш да не прифаќаме закони во пакет. Тоа е ништо, тоа е ветер работа. Дури да мислиш за едното, другото врви, останува, се заборава, затоа што така многу закони ние ги имаме исфрлено во фиока и заборавено. Не сакам повеќе да ве измачувам, ви благодарам на вниманието,пак ќе земам збор малку подоцна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Мерсим Положани има процедурална забелешка.

V/1.-JJ/МЛ

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Слушајќи ги дискусиите од минатата седница и овие денеска лесно си создадов убедување и заклучив дека никој не сака нови из- бори. И да не ја залажуваме јавноста иако во овие две ипол години не направивме многу работи, сепак, на некој начин сме изморени и заслуживме еден мал одмор. Да одиме, да се одмориме барем две недели, да се оладат малку главите па после да видиме што ќе правиме со новите закони. Дури и ако ги усвоиме овие закони, тоа не значи нови избори. Јас како пратеник, да ви кажам веќе ми е досадно да доваѓам овде, во оваа сала. Затоа има многу причини, но ќе ве поштедам нема да зборувам како претходните дискутанти, кои се тие, а многу се. Верувам дека и вие ќе ги прифатите како причини. А дека навистина не сакаме нови избори доказот е само еден, каде се 61 пратеник односно потпис дека сакаме нови избори, господа, од коалицијата, партиската или националната или сите други, повелете соберете 61 потпис и ќе ја убедите јавноста дека сакате нови избори.

Во спротивно се е демагогија. (Аплауз).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господин Стефковски процедурално.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, излегов на говорницава само да кажам дека дискусијата на пратеникот Митко Анастасовски не се вклопува во концепцијата и стратегијата на пратеничката група на ВМРО- ДПМНЕ за настап и расправа по изборните закони. Ова се должи на фактот што господинот Атанасовски не присуствува на седниците на пратеничката група и настапува поединечно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За реплика се јавува господинот Анастасовски.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Кога зборував дека меѓу нас има и човек координатор на сите комунисти што уопште постоеле досега тоа е Томислав Стефковски. Прво, ама не кажав една тајна, за тоа што ја знам, затоа што (има ракоплескање од пратениците),не сакам никој да ми ракоплеска, не сакам, тука е и претседателот на партијата кој што не сакам да го навредам. Тие муабети не се за да ги кажам, јас сум постар човек, од првин како почна. Дури е Томислав Стефковски еве јас тоа ќе му го кажам отворено, нека слушне и цела Македонија, координатор кој што не е координатор и не е изгласан од многу од нас, а координатор е само по нечија волја а можеби и по ничија волја а и тоа да го спасат, дошол така се испикал како што бил, човекот од планината, како што бил координатор на комунистите, како што бил незнам каде, истата улога ја игра и сега.

Според тоа нека дигнат групата моја на ВМРО, кој гласал за Томислав Стефковски да биде координатор.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не, не, овде не, никако.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Еве тука ќе бидам, овде ќе седам. (некаде погледот му е свртен во првите клупи).

Незнам Томе ти треба малку да размислуваш кога припаѓаме во иста партија, а стануваш против мене. Јас не ти го спомнав твоето име. Со тоа не ми носиш болки мене, бол и носиш на Македонија.

V/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има реплика господинот Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас никогаш од оваа говорница не реков дека сум Томе Стефков. Некој си дозволуваше да си го мени презимето и викаше јас сум Атанасов. Веројатно некој случајно залутал во ВМРО-ДПМНЕ. Барам пауза од 15 минути.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пауза од 15 минути.

(Пратеникот Митко Анастасовски излегува на говорница и сака да се искаже).

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Чекајте јас да кажам, јас никогаш не сум кажал друго освен Анастасовски, и така да му кажам да знае господинот Стефковски, а до тоа мораше да дојде и до овој Парламент.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Давам пауза од 15 минути.

(Паузата траеше од 13,35 до 14,30 часот).

Со седницата продолжи да претседава Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа. Според пребројувањето на бројот на присутните пратеници имаме кворум за работа.

(Службите повторно го пребројуваат присуството на пратениците).

V/4.-

Еве имаме доволен број 67 пратеници.

Господинот Стефковски побара пауза за консултации.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници излегов да кажам дека седницата треба да продолжи и на повторната координација на пратеничката група заземен е единствен став дека се она што јас го изговорив овде на оваа говорница, пратеничката група стои зад изреченото.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници пред да го искажам моето мислење околу точките што се на дневен ред јас би поставил прашање на сите  нас, односно на претседателот дали ние веќе почнавме со дневниот ред или отворивме расправа по точки што не беа во дневниот ред. Изгледа дека одделни пратеници ја започнаа веќе предизборната кампања со самото тоа што веќе се внесени точките на дневен ред што се однесуваат на новите односно пакет документите за новите избори. Некои дури отидоа дури и до таму, до таа крајност да ја преземат. улогата на дежурен провокатор, во смисла на тоа само овие точки да не минат.

Што се однесува до самите точки би сакал неколку збора.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само за првата точка да расправаме.

V/5.-

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Токму за тоа поставив прашање и добив одговор.

Што се однесува до првата точка истата е врзана и со останатите точки и она што ќе го кажам во начело е дека ја прифаќам иницијативата начелно на Владата за донесување на сите потребни акти за измена и дополнување за донесување на законите за нови из- бори. Ова го потврдувам со тоа што ние сакале или не, време е, имаме можности и сили да ги донесеме таквите закони во една атмосфера реал на што не би барала време кој е веќе го поседуваме. Меѓутоа она што јас лично не се согласувам се однесува на тоа што овие закони се препорачува да се донесат по брза постапка, зашто сметам дека секогаш кога некој брза и греши. Затоа мислам дека ваквите закони би требало да се донесат во редовна постапка со цел сите субјекти што се врзани во донесувањето на новите пакет закони за новите избори би требало и тие да го дадат своето мислење. Ние брзаме и со тоа мислам дека можеме да наидеме на грешки и слабости што ги покажаат и досегашните закони. Имаше доста грешки затоа што и тие закони се донесоа во брза постапка. Тоа зборува на фактот дека треба една постапка реална постапка која е потреба за ваквите закони и овие закони да се донесат во редовна процедура за да немаме по кратко време нови дополнувања и избори. Ние имаме сили да ги донесеме во една нормална постапка и атмосфера и како целосни закони а не како крпеници. Мислам дека ваквите предлози се еден вид крпеници што не гарантираат дека нема да погрешиме. Затоа предлагам, тоа да се прифати, а тоа е и став на нашата пратеничка група законите да се донесат како целосни и во редовна постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Бранко Арсовски.

V/6.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, и јас како останатите пратеници не би сакал да дискутирам и да прејудицирам околу новите избори дали или не, токму заради тоа што денеска предмет на дискусија е пакетот од петте закони, пред се овој закон што го имаме пред нас избор и именување на пратеници и одборници, односно закон за изменување и дополнување на постојниот закон. Лично сметам дека кај мене не постои ама баш никаква дилема околу потребата од донесување на еден ваков закон токму од причини што и во текстот што го дава Владата, мислам дека држи тоа ако ние донесеме некаква одлука за предвремени избори и постои еден правен вакум во кој ние не би можеле да одиме на предвремени избори токму заради тоа што не сме го усогласиле законот за избори и именувања на пратеници и одборници со уставните промени што се присутни. Така да тоа е еден неминовен автоматизам и потреба што треба да ги обезбедиме, правниците тоа сигурно нема да го пропуштат и да потврдат дека потребата од донесување на ваков закон е неизбежлива.

Второ, кога ќе ги анализирам и причините за донесување на овој закон, мислам дека се сосема реални и држат од две причини ја поддржувам првата причина што Владата ја има сместено во образложението на законот, а пред се кои се однесуваат на усогласување на член 63 од Уставот на РМ, нормално заради сите настанати уставни промени при што дојде во политичкиот и правниот систем и во таа смисла мислам дека ние треба да направиме едно усогласување на тој дел.

Втора причина, за мене многу побитна, и покрај овој правен вакум е што досегашната јавна сондажа што беше направена преку разни наши информативни гласила пред се МРТ итн. се потврди дека граѓаните на

Република Македонија во најголема мерка предлагаат некои предвремени избори, токму заради тоа што сметаат дека оваа структура на Парламентот па и на Владата, смета дека недоволно можат да придонесат за надминување на сите проблеми врзани за економскиот, социјалниот и политичкиот систем. Така во таа смисла ги прифаќам и причините за донесување на овој закон.

Што се однесува до основните начела врз кои се темели законот, тие се вред и тука немам никаква посебна забелешка и го поддржувам.

Единствена моја забелешка што јавно ви ја кажав се однесува на содржината на законот. Во содржината на законот се предвидува моделот комбиниран, односно пропорционалниот и мнозинскиот. Тоа за мене создаде една сериозна дилема, иако тука решението е дека само 20 пратеници треба да бидат избрани на пропорционалниот принцип а другите 120 со мнозинскиот систем. Имајќи ја предвид теоретската поставка сметам дека мнозинскиот систем за мене е многу подемократски во однос на пропорционалниот, токму заради тоа што допуштаме граѓаните на Република Македонија да одлучуваат за пратениците што треба да бидат членови на одреден парламент и кои треба да ги застапуваат. Мислам дека тука нема дилема. Тука имаме една корелација помеѓу партијата и народот со тоа што се воспоставува еден ред. Имено дали партијата, односно партијата треба да размислува да ги предлага најсоодветните, најкомпетентните и најубедливите пратеници кои би можеле убедливо да победат и да станат членови на овој Парламент.

За вториот принцип пропорционалниот, за мене се крие една опасност и тоа голема, да дојде до израз политичкиот елитизам што своевремено можеби и го имавме во тој дел, мислам дека има шанса тука да се прават и разни манипулации од раководствата на одредени

партии и мислам дека способноста и компетентноста ќе бидат запоставени. Во таа смисла се залагам во овој изборен закон исклучиво да постои моделот - мнозинскиот, и во таа смисла давам поддршка да се донесе овој закон со една ваква моја забелешка за содржината на законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници имам три начелни забелешки во врска со овој закон. Првата беше изгласана на почетокот - постапка за донесување на овие закони при што не беше отворена расправа, бидејќи тој факт е таков и бидејќи ме зачуди што Парламентот така набрзина прифати итна постапка само сакам да кажам дека последнава година и незнам дали само последнава година во ова Собрание главно закони- те се носат по итна постапка, што е крајно" лошо за' демократи јата и ~ за квалитетот на законите, но така и поединци тука не можат ништо да направат. Ми се чини дека сите треба да размислиме за тоа дали законите особено сум ваков карактер треба да се донесуваат по итна постапка. И бидејќи се изгласа тоа што се изгласа, јас сугерирам, барем во две фази да мине односно сите закони да минат до колку другите се согласуваат со тоа. Ако пак не, нека оди како ќе оди, но тоа нема да биде лошо ни по овој ни по оној, туку ќе биде лошо по општите демократски услови во однос на општиот фер плеј по општи те тенденции за развојот на демократијата кај нас, а не за овој или оној поединец како му одговара, или не му одговара. Тоа е првата забелешка, истовремено и сугестија.

V/9.-

Втората забелешка е во врска со бројот на пратениците. Предлогот е да се зголеми од 120 на 140. Точно е тоа дека е уставна можност, меѓутоа, точно е и тоа дека овој Парламент или оваа власт не беше способна да каже дека сите пратеници треба професионално да ја извршуваат работата во овој Парламент и дека треба плата да примаат овде додека ја извршуваат четиригодишната функција или нешто помалку, а знаеме како тоа се одразува на квалитетот на работата на Парламентот. Едно е да се прима плата на друго место, а друго е да се обавува ваква одговорна задача, во правењето на законите, прописите, во остварувањето на парламентарната функција на друго место. На тој начин ние многу поблиску сме и понатаму до делегатскиот систем кој што сакавме и сакаме да го напуштиме, отколку до вистинскиот парламентарен систем. Да не зборувам за трошоците за кои треба секогаш да се води сметка, иако Уставот дава можност за 140 пратеници, мојот предлог и став е да не се зголемува бројот на пратеници- те. Прашањето на мнозинскиот или пропорционалниот принцип е сосема друга тема за расправа.

И третата забелешка во врска со овој закон, начелно е фактот што не постои корелација помеѓу законот за политичките партии што се предлага и законот за избор на пратениците, односно она право што им се дава на политичките партии во Законот за политичките партии, каде што се определува цензусот за основање на една политичка партија, а предлогот таму е 500 основачи, сега со овој закон за избор на пратеници тоа право им се ограничува. Значи еднаш стануваат правни лица - политичка партија, вистински политички субјект што може да настапува на политичката сцена, а со овој закон се вели: е сега нема да важат 50 0 основачи, туку 3000 членови.

V/10.-

Тоа во принцип не е добро, но за некој да не сфати дека тоа, за овие цензуси дискутирам од аспект на политичката партија во која што сум. Што се однесува до таа политичка партија може да се дискутира во Законот за политичките партии да биде 3 или 5000 членови цензусот, но на овој начин тие два закони не треба да си противречат во врска со одредувањето на политичкиот субјективитет на партиите, на нивното право рамноправно да учествуваат во изборите.

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (Продолжение)

Една политичка партија е регистрирана како' политичка партија и ги исполнила условите според Законот за политичките партии не може да се прави разлика понатаму една може да оди на избори само на нивото на одборници, а друга политичка партија може и на нивото на одборници и на нивото за пратеници за Републичкото собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тој закон ќе отвориме претрес повторно.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас говорам за начелна забелешка, господине претседателе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Начелна забелешка на тој закон по општиот претрес.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас говорам, бидејќи е поврзан тој и овој закон и не треба да ми упаѓате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не само да ви кажам оти ќе имаме општ претрес по секој закон поединечно и тогаш можете да кажете што треба, а само една напомена кога предлагач на било кој акт предлага итна постапка ве молам, за тоа не се води расправа, туку Собранието се изјаснува.

Има збор г-динот Минов.

VI/2

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, јас мислам дека расправајќи по општиот претрес по овој закон зависно од досегашната расправа, треба да извлечеме едно упатување дека треба да се концентрираме сепак во нашата расправа на донесување на самиот закон односно да се ослободиме од сите искажани забелешки до сега кој знаеја условување на донесувањето на овој закон, како и меѓусебни пресметувања кои за основа го има различното партиско гледање, кои што во суштина фактички не оддалечува од нашата основна задача, а тоа е донесување на овој закон и концентрирање токму на неговото донесување ќе значи и поквалитетно одредување на содржините на овој закон, а со самото тоа и сите ние ќе при- донесеме за подемократски определби во Изборниот закон што на сите ни е, претпоставувам,цел.

Кога ќе се симнеме на расправањето за тоа, кои се причините за донесување на овој закон, јас веднаш ќе кажам дека по мене и те како има неколку причини кои упатуваат на тоа од неопходноста за донесување на овој закон.

Првата причина е таа, што со овој закон кој е измена и дополнување, фактички не се врши измена на темелните принципи на основниот закон така што како таква форма може истиот да се донесе. Исто така, со овој закон се врши усогласување со одредбите на Уставот на РМ, тоа се, ќе потсетам одредбите за непостоење на институтот на отповикување на пратениците, професионализацијата на функцијата пратеник, како и конкретизирање на основните одредби за роковите за распишување и одржување на изборите.

Како треба причина би ја навел заедно со другите два изборни закони овој закон фактички е услов за одржување на нови предвремени избори, што се разбира како политичка основа и одлука ќе ја донесе ова

Собрание, а јас лично се согласувам со донесувањето на овој закон заедно со другите 2 изборни закони кои се услов за спроведување на овие избори, тие така да се спроведат.

Како четврта причина би ја навел донесувањето на овој закон сигурно ќе придонесе и за доградување на политичкиот систем односно на подобрување на функционирањето на политичкиот систем во неговиот сегмент на изборните модели. Во таа смисла и понудените одделни решенија во самиот закон, кои само ќе напоменам, се однесуваат на зголемувањето на цензусот на бројот ан членовите на партијата за да истата добие право на предлагање на листа на кандидати за пратеници во сите изборни единици како и за предлагање на одборници и непосредно предлагање на кандидатите од граѓани за пратеници и одборници и мислам дека ќе изврши своевидна селективност и подобрување во смисла на одговорноста и сериозноста на партиите кои ќе бидат учесници на новите избори.

Исто така, определбата во предлогот на законот која се однесува да во вториот круг на гласање да одат оние кандидати кои добиле најголем број гласови односно двајцата кандидати кои добиле најголем број на гласови исто така мислам како решение го прифаќам и го поздравувам со тоа што мислам дека истото ќе придонесе вистински и правично да се изврши определувањето при гласањето на избирачкото тело.

На крајот, решението за уредување на пропорционалниот модел во избирањето на пратеници кои се искористува со овој закон како уставна можност дваесет пратеници до 140 пратеници да се бираат со овој модел, мислам дека ќе ја одиграат својата позитивна улога во делот на коректурата на оној гласачки квантум на соодветните партии кои заради

својата бројчаност согласно изборните резултати по овој модел и тие да бидат на некој начин соодветно застапени во составот на идниот Парламент.

Мислам дека воведувањето на овој пропорционален систем не треба да значи во никој случај нарушување на доминантноста на мнозинскиот систем ниту било какво условување на измени на Законот за изборни единици.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ефтим Манев.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, Владата на РМ по мое длабоко убедување уште еднаш ги злоупотреби одредбите на членовите 344 и 345 предлагајќи овие закони, поготово Законот по првата точка да се донесат по итна постапка.

Итноста е кажана во Деловникот. Тоа се работи во исклучителни случаи. Јас би прифатил ова Собрание да расправа за итност кога во овој временски период во Македонија вода нема, ниту за пиење, ниту за наводнување, горат нашите планини, да се предложеше измена и дополнување на овие закони да се заштитата граѓаните од таквите елементарни непогоди.

Што се однесува до овој закон дека е итен и со кое образложение се вели дека се неопходни предвремени избори, тоа било можно и до сега на илјада начини да дојде до предвремени избори. Ако се согласела коалицијата која владее во РМ.

По однос на тој факт дека овие закони се итни ми се чини дека не може РМ да ги спроведе изборите баррем во овој период  за кој ги

донесуваме законите односно да се распишат предвремени избори во текот на месец септември, октомври или ноември. Кој се причините?

Законот за државјанство ги ограничува тие можности да с направат бирачките списоци. На таа околност прилично реагираа пратениците од албанската националност кое нешто може да се случи како што беше Референдумот, односно да не излезат на избори и така да добие уште едно фијаско Македонија и да дојде во уште потешка положба. Сметам дека тој факт воопшто не држи. Со вакво интервенирање од страна на Владата дека се потребни итни закони овој Парламент од законодавно тело го претворивме во породилен дом. Владата подготви закон и Парламентот треба да го усвои.

Би се задржал на вториот дел и би кажал неколку мои размислувања по однос на предложениот закон за измени и дополнувања на Законот за избори на пратеници, закон за избор и отповикување на одборници. Ваквата формулација како што е предложена и те како е спротивна на Уставот. Владата се повикува на член 68 од Уставот, а членот 68 дава можност да се предлагаат и донесуваа закони, но неговата материјална содржина е спротивна со уставот. Зошто? Во Уставот а поготово во Уставниот закон кој го спроведува Уставот, во членот 10 јасно е кажано дека Собранието на РМ дали предвремени или по истекувањето на мандатот кога треба да се распишат избори, треба да ги донесе овие три закони кои се предлагаат но за овој закон кој е сега на дневен ред, зборува да се донесе Закон за избор на пратеници. Овде Уставот не познава избор и отповикување и на одборници. Уставот оваа материја ја регулирал сосема нас друг начин.

За локалната самоуправа постои одредба во Уставот дека сета регулатива и организационата поставеност на самата самоуправа ќе се регулира со посебен закон. Овој закон, ние не најдовме можност и начин да го ставиме пред овој Парламент да расправаме по тој закон, да го донесеме каде во тој закон ќе биде решена организационата поставеност и како ќе се бираат тие одборници и дали ќе се викаат одборници, претставници или на било кој начин. Од тие причини ми се чини дека е најумно Владата да си го повлече овој закон и да пушти нов закон за избор на пратеници, а не како што е измена и дополнување на Законот кој ама баш со ништо ниту го доградува ниту го подобрува правниот систем, туку напротив прави една конфузија во правниот систем затоа што Уставот не познава таков закон со таков текст.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Господа пратеници, предложениот закон како измена и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници претставува еден од најважните закони според кој може да се цени колку се почитуваат принципите на демократијата.

Законот по својата суштина треба да биде европски и во духот на демократските процеси и не треба да има дискриминаторски однос кон своите граѓани. Но, за жал законската одредба што произлегува од членот 23 на овој Закон токму е во оваа функција, бидејќи за утврдување на идентитетот од граѓанинот го бара и државјанството што значи документ кој се уште е во законска процедура. Со ова барање граѓанинот

се доведува во нерамноправна положба и не може еднакво сите да го користат ова уставно право.

Овој закон, без донесување на законот за изборни единици, нема ефект ниту може да се смета за демократски. Токму од овие причини јас се прашувам зошто Владата не ги подготви сите овие 4 закони со што би се надминале сите овие недостатоци и неправди кои се случија во првите повеќепартиски избори.

Тргнувајќи од овие причини јас не можам да го при фатам овој закон, бидејќи ја чувствувам потребата пред овој Парламент да го изнесам следното. Куманово со 40% Албанци од 8 пратеници има само 1 пратеник Албанец. Ваква незамислива трагедија се случи токму од недеморатски закони, а повторно да гласам за еден ист закон немам морално ниту политичко право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор госпоѓа Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници, и покрај тоа што голем дел од пратениците се осврнаа на итноста на изборите меѓу кои и Владата со која што ја објасни итноста на постапката на донесуван на овие закони, јас нема да зборувам за тоа затоа што претпочита тоа да биде предмет на расправа на Одлуката за распуштање на Собранието односно Одлука за распишување на нови избори за што ова Собрание ќе мора повторно да биде свикано.

Целта на денешната расправа е целиот изборен пакет ва закони меѓу кои и Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници што претставува основен сегмент на политичкиот систем на секоја држава.

РМ која според својот Устав и спрема сите досегашни донесени законски акти претендира да биде една демократска држава во која ќе се согледа мислењето на сите оние кои живеат во неа, а поготово за еден ваков значаен сегмент од политичкиот живот на граѓаните. Зачудува фактот што Владата во овој момент на 3 август фактот за.итноста на законите ја образложи преку немањето на кворум на ова Собрание и неможноста да се работи и покрај тоа што ќе потсетам дека ова Собрание со 60-тина пратеници буквално само со 60 работи скоро од неговото консти- туирање до денес, и тоа за жал, со истите пратеници кои доаѓаат оние кои не доаѓаа до сега продолжуваат и понатаму што не знам дали 3 август е навистина термин кога гори и кога мора да се спасува со итност.

Меѓутоа, исто така зачудува фактот што еден вака значаен сегмент не се носи нов закон за избор и отповикување на пратеници, туку се носи стар закон во кој се вметнува и те како значајна регулатива, а тоа е носење покрај мнозинскиот систем како парламентарен систем донесен од претходната Влада и пропорционалнирт систем. Јас во суштина не сум против овој систем, мислам напротив овозможува поголем плурализам на интересите меѓутоа, токму заради тоа што таа работа треба да се провери и дека светот не почнува во пратениците на овој дом ниту пак во политичките партии кои се застапени во овој состав, туку и во политичките партии кои сега ги има 50-тина и кои може би ќе се оформуваат и понатаму и кои се вон овој Парламент таа работа сепак мислам дека треба да слегне и ако не повеќе барем да се остави период од 1 месец кога сите ќе можеме да примиме корисни сугестии што е добро, а што лошо во предложените предлог измени на законот.

Ова го. зборувам не од причина што генерално сум против нови избори, туку од причина што сметам дека Македонија не може да го менува изборниот модел спрема расположението на Владите кои ќе се менуваат во ова Собрание односно спрема расположението на пратениците. Сигурно дека ние сме неискусна држава, дека ќе треба да примаме многу, меѓутоа, не можеме да јаземеме одговорноста пред себе дека ние сме тие кој во овој момент мора да одлучат, па согласно нашите ингеренции да одлучиме како што ќе биде во наша корист, односно поголемите партии д одлучат во своја корист. Токму заради образложување на плуралниот интерес и заради овозможување на поголема демократичност и на изборите и за поголема демократичност на пристап нас граѓаните за давање на гласот на оној кандидат за кој смета дека повеќе ќе му одговара.

Според мене, овој закон би требало уште во сегашната фаза да се донесе и ќе гласам за неговото донесување во форма на предлог за донесување, а предлог законот претпочитам да биде, заради тоа што беше образложено со итност, нека има нови избори нека навистина нашиот мандат оди повторно пред граѓаните на една проверка, нека се донесе во септември, меѓутоа да оставиме еден период макар од 1 месец активна работа, бидејќи август е период на одмори и кога тука не може да се собере кворум, а да не зборувам за поголема група на граѓани кои би сакале да го кажат своето мислење па под еднакви услови и корисни сугестии од сите не мислејќи дека светот почнува и завршува со нас да одиме ан едни демократски избори на кои граѓаните ќе знаат на кого да му го дадат својот глас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Емини.

**ЗУДИ ЕМИНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, ќе се обидам да кажам нешто во врска со точката што е на дневен ред.

Потребата за донесување на законот за избор и отповикување на пратеници и одборници по итна постапка може би е оправдана.

VII/1.- ДВ-ВБ

**ЗУДИ ЕМИНИ**: (продолжение)

Уште со формирањето на оваа коалициона влада пред година дена како приоритетна задача пред себе ја поставила и подготвување на теренот како од политички така и од правен аспект за нови избори. Лично тогаш го прифатив како сериозна задача со која треба да се воспостават темелите на плурално демократско живеење, прилагодено на нашите општествено - економски и политички услови како плурално општество во Македонија.

Резултатите на ова поле се тие што се. Ако во првите повеќе партиски избори од 19 90 година имаше многу разговори кои беа од политичка и теоретска природа, за денешно време не може истите да се оправдуваат од причини што слободните избори и партиското натпреварување во минатите 50 години беа правно и политички забранети. Таквата политика го потиснувала и интересот како јавниот, институционализираниот па дури и академскиот за оваа проблематика. Како резултат на таквата досегашна политика и политичка свест кај нашиот граѓанин за политичко натпреварување и однесување беше на тоа ниво. Тоа се одрази поготово на јавната расправа од многу неквалификувани за изборниот систем, по повод првите избори слободни во Македонија. Кога би се додале уште политичките цели на тогашните законодавци, поготово со законот за изборните единици, ограничувањата и неспособноста избија на виделина. Има ли потреба ние денес да направиме иста грешка. Владата нужно требаше посериозно да се занимава со оваа проблематика, бидејќи овој проблем е многу интересен и за вонпарламентарните партии. Дали сме ние толку компетентни да им го ускратиме правото барем за една јавна расправа по законите кои ја покриваат оваа сфера, а животно значајна за сите регистрирани партии и за нивното понатамошно егзистирање, бидејќи целта на секоја политичка

партија е освојувањето на власта. Појавата назначена како изборен систем во светот на модерните држави е толку проширена што во многу земји е назначена како национално славје. Навистина изборите се демократска метода или техника за поставување на претставничките органи избрани од народот. Ние со Уставот се определивме за тоа.

Компетентните избори, бидејќи и нашите спаѓаат во овие прават обележје на демократијата, темел на либералното разбирање. Според тоа политичкото водство на некоја земја потекнува од резултатите на изборите. Легитимноста па и политичкото водство треба да се остваруваат на што понепосреден начин.

Јас како пратеник на ПДП не можам да прифатам вакво решение Факт е дека од минатите избори најнезадоволна со резултатите на изборите беше баш ПДП. Ако тогаш некако можевме да го образложиме и тоа како утеха дека не бевме субјект кој директно можеше да влијае на поинакви решенија сега ни е истата состојба. Со околу 30% усвоени гласови на избирачкото тело во распределбата на мандатите не учествувавме ниту со цели 20%. Значи најизманипулирана партија беше ПДП.

Лесно може да се заклучи дека предложениот закон е продукт на договорот на големите партии. Познато е дека големите партии во мнозинскиот систем имаат поголеми шанси да стекнуваат парламентарно мнозинство или во власта подобро и полесно да ја одбранат.

Во литературата е познато дека мнозинскиот систем функционално е поприфатлив но не може да се докаже и во практиката вечно. Мнозинскиот систем има предности на пропорционалниот систем. Но, исто е докажано емпириски дека предноста на едниот е во недостатокот на другиот систем. Ова го велам од фактот што теоретските предности назначени како такви постојано подлежат на политички процедури. Тргнувајќи од таа теза постојат добри аргументи како за едниот така и за другиот. Новината во законот за да се бираат пропорционално е за

пофалба но само како идеја која треба да се ослободи од сите нормативни стегнувања. Како основно стегнување е пројбитивната клаузула што пак ги погодува малите странки, а како политички потез на влада во предложениот закон е оставено само поради нив.

Не би се согласил ниту со тезата а овде изречена дека Законот за избор на пратеници и одборници ни е комбиниран. Таа теза подразбира избор на односот фифти-фифти што не е содржан во предложениот закон. Може да се оправда само како политички потез кој треба да се поддржува понатаму а со овој број им дава можност и на незадоволните партии кои не се презентирани во овој состав.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,

Јас нема многу да ве задржам во врска со расправата за предлогот за донесување по итна постапка на Законот за изменување и дополнување на Законот за избор и отповикување на пратеници и одборници со Предлог на закон само сакам да укажам на неколку клучни моменти кои мислам дека пред се произлегоа од дискусијата на некои колеги пратеници овде и кои мислам дека не беа доволно поткрепени со факти.

Прво, ние денес расправаме за сосема друга работа. Добар дел од колегите излегоа од таа расправа и расправаа како за предлог за донесување на законот а всушност ние расправаме веќе за Предлогот на законот затоа што за првата фаза расправавме претходните денови пред празникот Свети Илија и на демократски начин ја апсолвиравме таа фаза,а денес повторно се враќаме на расправа по она што го апсолвиравме тој ден. Мислам дека некои пратеници не беа во оваа сала тогаш или некои заборавиле после празникот што расправавме.

VII/4.-

Ние сме сега во фазата на предлогот на законот и водиме општа расправа по однос на Предлогот на законот. Тоа е едната работа.

Начинот на апсолвирање на тоа прашање беше со тоа што ова Собрание се изјасни со огромно мнозинство по тоа прашање и веќе влеговме во втората фаза. Денес што повторно се враќа расправата назад не може поинаку политички да се протолкува освен да се протолкува со одредени политички намери што сакаат одредени пратеници да ги постигнат во врска со постапката околу носењето на овој закон. Мислам дека тоа треба јасно и гласно да се каже од оваа говорница.

Второто прашање е прашањето што добар дел на пратеници во таа расправа искажаа мислења дека ваквиот закон не придонесува за доградба на правниот систем и тоа од членови на ЗПК кои имаа сосема поинаков став на Комисијата, извештајот ви е поделен и јас сум должен како известител по оваа точка да ви укажам на тоа дека ЗПК гласно и јасно кажа дека овој закон за избор и отповикување на пратеници и одборници придонесува за доградба на правниот систем, како дека и со предложениот закон се врши усогласување на постојниот закон со Уставот на Република Македонија.

Третото прашање е прашањето што овде често провејува во дискусиите по однос на начелните забелешки во врска со предложеното решение за дел од пратениците кои треба да се бираат по пропорционалниот систем и категоричките ставови на одделни пратеници и пратенички групи дека се работи за преурането решение во РМ, дека дури се работи за решение кое е вон уставните решенија на РМ и дека во основа се работи за противдемократско решение кое се нуди од страна на Владата на РМ.

Јас сакам само да потсетам, со оглед дека имаме пред нас извештај, всушност белешки од средбата на претставници на политички партии кои не се застапени во Собранието на РМ на која средба при-

суствувале на 29 јули 26 вонпарламентарни партии и сакам да го повторам ставот што овде е искажан а тоа е дека повеќето од тие претставници сметаат дека предлагачот требаше да се определи за пропорционално изборен систем заради тоа што овој систем според нив е подемократски и обезбедува пореален распоред на политичките и социјалните сили во Републиката и особено им дава поголеми можности на малите партии со свои претставници да бидат застапени во Собранието на РМ. Во таа смисла поддржано е решението што со овој закон се овозможува дел од пратениците да бидат избрани врз основа на порационалниот систем итн. Сосема гласно и јасно кажано од политички субјекти во Републиката кои исто така имаат амбиции и можности да учествуваат во изборниот натпревар во РМ, дека ваквото решение практично овозможува поголем демократски пристап за да може да учествуваат во институциите на власта и дека ова е само почетен чекор што сега се прави со Предлогот на закон во основа во Република Македонија за понатаму да се овозможи освојувањето на просторите на демократијата, наспроти некои категорички тези што беа искажани од оваа говорница дека тоа би претставувало заговарање на антидемократски принципи во РМ. И ваквото прашање нужно требаше да се потенцира од оваа говорница во услови кога неколку искажувања одеа во спротивен правец во таа смисла.

Јас не сакам да зборувам за уставните потреби од донесувањето на ваквиот закон ниту за политичките потреби од донесувањето на ваквиот закон, всушност од неопходноста за донесување на овој закон во РМ затоа што многу овде пратеници ги искажаа и ги лоцираа а исто така и во предлогот на Владата се препознатливи тие потреби на начин на кој се дадени. Но, мора да кажам и само една причина Доволно е причината што овој Парламент работи на ваков тежок начин на, како што работи едно подолго време. На начин кој може да се толкува како неплодотворна работа во РМ. И ако тоа сме го констатирале безброј

пати, поединци пратенички групи и постои едно јавно политичко мислење во врска со една таква оценка, кој егзистира и една релација на реалноста, нужно и должни сме ние да пристапиме кон донесуваше на вакви закони кои ќе овозможат и практична можност за евентуално одење во предвремени избори. Всушност, јас ќе изнесам уште една мисла дека не мора, според мене, да се одржат и предвремени избори. Но, самиот факт што ќе постојат нормативни претпоставки дека овој Парламент согласно Уставот може да оди во предвремени избори, мислам дека ќе го подигне на повисоко ниво и одговорноста на пратениците и на пратеничките групи во однос на законодавната дејност што ја имаме овде во Парламентот и во однос на сите обврски што се поставуваат пред пратеници. Знаејќи го тоа политичките субјект во Парламентот овде често дека не постои нормативна дејност која вон Уставот ќе ги натера на предвремени избори често се однесуваме на начин на кој се однесуваме и кое можеме и ова попладне да го констатираме со присуството како што го имаме на оваа седница на работ на кворумот и што често пати работиме на таков начин. Јас мислам господа пратеници дека треба да преминеме кон конкретна расправа по однос на предложениот закон и да придонесеме со квалитетна расправа евентуално со расправа по амандманите за да донесеме квалитетни закони ко% ќе овозможат практична реализација и на уставните нормативни определби во врска со одржување и на предвремени, исто така и на редовни избори. Јас нема да ве потсетувам за причините само уште еднаш да додадам, па господа ниту редовните избори не се далеку.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, уште веднаш на почетокот сакам да кажам дека ја претпочитувам редовната процедура и за мене овој начин на донесување на овој закон по итен пат без претходна поширок. јавна расправа и свесно избран момент во најголемите горештини, тек на

годишни одмори, претставува еден удар на демократијата во Македонија. Мислам дека и врапците знаат дури го знаат и денот за кога ќе бидат закажани изборите, мислам на 8 ноември оваа година. Немаме ништо против да бидат тогаш, но начинот сметам дека е таков што ја загрозува демократијата во Македонија. Дури и оној последен закон што го донесе последната монистичка Влада сметам дека беше многу подемократичен, овозможи многу поголема расправа во државата, беа застапени на неколку пати сите партии, вонпарламентарни, беа искажани мислења од истакнати политиколози и на крај се донесе еден закон кој што за мене е доста солиден, дури сметам дека е и многу посолиден од оној што денес се предлага и ќе се усвои.

VIII/1 РД/НД

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**: (Продолжение)

Мислам дека коалицијата има доволно гласови и дека ќе го усвои. Толку за атмосферата во која што се носи овој закон. Сметам дека сето ова се прави со единствена цел да се распушти кон средината на септември Парламентот за да не постои како институција највисока во наредните неколку месеци Парламентот, бидејќи тогаш на јавноста на Македонија се надевам, а не верувам дека ќе биде од државните мед] ми запознаена, тогаш ќе бидат познати за одредени луѓе овде во Македонија, резултатите од преговорите на Република Македонија со Република Грција, кои што верувам дека воопшто нема да им одат во прилог на владеачката коалиција.

Исто^така, тука е стравот од зајакнување на одредени ново-формирани партии, пред се, мислам на Демократската партија и сметам дека е навистина логично понудата од владеачката коалиција за излез на нови избори, зашто нормално тие ценат дека сега имаат најповеќе шанса, наесен, во месец ноември да постигнат што ќе постигнат, а народот како ќе гласа ќе видиме. Сакам да кажам дека целта на ова гласање е да се овозможи регуларни избори, не она што се случуваше на оние избори после регуларните, иако лично се сомневам во овозможува регуларност на изборите.

Исто така, сметам дека не можеме да зборуваме за регуларни избори доколку не се создадат барем основни претпоставки за одржување на нив, а тука пред се мислам за престанок на Законот за важност на Законот за државјанство, ако не се лажам мислам дека законот е на 11 ноември и мислам дека мора да се оди на изготвуваше на изборни листови на населението, согласно Законот за државјанство.

Доколку тоа не се постигне, доколку не се изготват тие листови, сметам дека не можеме да зборуваме за регуларни избори.

VIII/2

Исто така, мислам дека после вонредниот попис што ќе биде во текот на идната година, дури и самата европска заедница ќе ни наметне идната година вонредни избори, а согласно на резултатите од вонредниот попис кој што ќе биде одржан, од тие информации што ги имам во текот на пролетта 1994 година.

Што се однесува до моделите кој што ги нуди постоечкиот закон, овој што сега ни се нуди, мислам дека решенијата од претходниот се многу подобри и дека јас во врска со тоа имам дадено и еден амандман во кој што сите оние членови од изборниот закон кој што ја регулираат постапката за избор на тие 20 пратеници, по пропорционален модел, по мојот амандман се предлага да се бришат, од причина што сметам дека на Републиката и е потребен мнозинскиот систем, барем во наредните 10-20 години од причина што мислам дека личната одговорност авторитетот на пратениците како личности треба да биде многу повеќе доминантна, отколку некој да се шверцува на одредени изборни листи на партии. Тоа е од искуството пролетошно од Италија што многу добро се покажа дека корупцијата, митото, мафијаштвото, кое што исто така е застапено кај нас како држава, може многу полесно да се затскрие, политичарите да имаат поголем приоритет при такви изборни модели и затоа сметам дека примерот со Италија, е доста доволно индикативен и ние како држава која што во однос на искуството во моралот сме многу блиски до таа држава, сметам дека тоа треба да го почитуваме, тие заложби, тие модели што ги нуди едно многу поразвиено демократско општество.

Исто така, јас имам заложба во тоа дека треба во Законот за избор на влада да влезе дури и министрите одат на избор кај нај широкото граѓанство, како што е случај со некои многу поразвиени демократски земји од нас со многугодишна демократија, како што е примерот со Англија, каде што на минатите избори победи партијата што е на власт,

но беше принудена да формира нова влада, заради тоа што министрите кои што мора да бидат избрани од редот на пратениците не успеаја да поминат на тие избори. Тука беа кажани доста заложби од господата од ПДП дека моделот треба да биде 50 на 50 мнозински, пропорционален, меѓутоа, јас мислам од овие причини што ги кажав значи тука сметам најмногу на личноста на кандидатот, за кризата на моралот на нашата држава, за сите овие мафијашки работи што се случуваат дека е потребно исклучиво да се оди со мнозински систем се дол државата не создаде механизми да се брани од овие модерни зла во си демократски земји.

Исто така, оние работи што беа кажани дека одредени пратеници влегувале со 15 до 16 илјади гласови на претходните избор јас само ќе потсетам дека во многу развиени демократски земји, а само ќе потсетам на САД при изборот за претседател една Калифорнија со многу мал број на жители носат најповеќе електорски гласови. Значи не мора едно подрачје да има голем број на жители за да даде повеќе пратеници. Тука во сите демократски држави традиција е, а и не само традиција туку и правило да бидат застапени сите краишта рамноправно од таа држава а не да се оди од тоа кој број на жители. А и Уставот кажува дека неправи разлика овде во Македонија дека сите се граѓани, и затоа сметам дека овие заложби не држат. Толку од мене, а си го земам правото кога ќе дојдат моите амандмани да ги образложам.

**ЈОВАН ТРПЕНОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, неспорно дека демократијата во Македонија покажува позитивен тренд. Неспорно е дека демократијата во Македонија не е разлутат само на еден проект ниту само на една политичка партија. Токму од тоа дека одговорноста за

демократијата во Македонија е сместена во актуелната политичка власт. Затоа и едно вакво барање треба да го сметаме за еден демократски проект, како една желба на актуелната политичка власт да покаже дека се што ќе се допре со демократијата може да биде подобро.

Општа е констатацијата дека допирот на демократијата со еднопартиските држави го води впрочем и политичкиот плурализам, повеќепартизам што во Македонија е најактуелната политичка сцена. Меѓутоа, исто така присутно е сознанието дека демократски поредок не се создава многу лесно и многу брзо, а особено во Република Македонија која е како држава со ниско економско и социјално ниво, со просечна плата можеби како пред сто години во земјите кој што ги краси правиот колорит на демократијата. Мислам на земјите од западниот свет Потоа, допирот со демократијата во државата Република Македонија се одвива и во услови кога кон државата Република Македонија, нејзините соседи сеуште имаат некакви тенденции за историски ревандикации. Пот( допирот на демократијата со државата Република Македонија ќе се одви и во услови кога на нашата држава и е нанесена најголемата неправда, токму од страна на земјите од западната демократија. Тоа го успори меѓународното признавање на Република Македонија и го успорува право на името што де јуре Република Македонија го носи 50 години, односно што дефакто го носи откако постои македонскиот народ. Според тоа, притисоците од ваквата природа како што ги набројав, претставуваат удари на демократијата, меѓутоа демократијата за Македонија е таа што најколоритно ги користи аргументите и демократските средства и со што ја спасува демократијата и државата Република Македонија, која како држава успеа со демократијата да влезе во занесот на демократските држави пред нас и во светот. Затоа мислам дека радикално негативистички оцени за демократијата на Република Македонија и оценувачите мора да водат сметка за овие услови во кои

демократијата во Македонија се конституира како реалност. Факт е дека во Македонија нема политичка сила што може на легален начин да изврши рација на еднопартиската држава, што значи дека во Македонија има демократија. Нема политичка сила што пледира на доминација на моделот на државно општествената сопственост како модел погоден за решавање на социјално - економските проблеми. Тоа значи дека има демократија. Присутно е критичното мислење за прашања и личности од политичката сфера без рестрикции. И тоа значи демократија. Во јавните гласила бројни се написите со негативна конотација за актуелната политичка власт, што е од голема помош за да не се дојде до апсолутен мир на духот и самозадоволство. И тоа е придонес кон демократија. Затоа велам дека демократијата во Македонија покажува позитивен тренд.

Оттука, мислам дека потребни се избори, дури познато е и тоа дека демократијата се раѓа низ повеќе и побројни изборни циклуси. Ние треба да го направиме подобриот изборен циклус, а мислам дека таа опција и таа определба е придонес кон демократијата.

Друга е политичката оценка што треба да ја донесе овој Парламент' кога треба тие да се изведат. Меѓутоа, законите создаваат нормативна претпоставка за операционализација на таква политичка оценка што треба да ја донесе овој парламент. Токму од констатацијата односно критичкото мислење дека во Парламентот се присутни блокади до политичка природа. Аргументи, законот за судовите. Иако сите политички партии во своите програми ќе поминат во правната држава, што значи во владеењето на правото и рехабилитација на индивидуата и граѓанинот. Ние иститe не можеме да го донесеме. Исто така, законот за грбот го немаме донесено. Исто така со локалната самоуправа, Законот за локална самоуправа долго сме под критиката на јавноста, заради тоа што сеуште делуваме во услови кога граѓанинот ја гледа Владата многу оддалеку, или можеби не ја гледа. Тешко комуницира, при непостоење на

локална самоуправа. Што сакам да речам. Во овој период кога сме го сите простори на транзиција, мора да се создадат такви политички услови, да се стават сите нишани на државата на Република Македонија за да не стане предмет на разни индикации. Сметам дека и покрај тоа што во ваква постапка и покрај критиката дека може и во редовна постапка ценам дека има потреба од донесување на овие закони. Секако потоа Владата си ја има одговорноста за релевантни изборни списоци, меѓутоа, тенденциите на Законот за изборните единици кој што и досега не сметаа за да се влезе во Парламентот, покажуваат исто така дека сеуште на политичката сцена постојат колективитички аспирации. Мислам дека не треба да бидат новозамислени изборни единици во оваа констатација заради тоа што ни мирисаат повторно на доминација, желба за доминирање на колективистичкиот проект над индивидуалниот и граѓанскиот. Да не мешаме постојано по потреба ја сакам Република Македонија како граѓанска држава, а по потреба ја сакаме и како национална држава. Да се знае што е држава, а што е граѓанска демократија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас лично сум убеден дека копјата по однос на содржината на Законот ќе ги кршиме со амандманите. Мисла дека токму тогаш ќе биде најпродуктивна и државата. Но се јавив за збор со единствена цел да полимизирам по определени становишта што беа овде изнесени, а кои доколку не се разграничат нивните цели можат да создадат искривена слика како за Законот така и за изборите. Ќе бидам; сосема краток. Независно што сите овде се произнесовме за итност за донесувањето на овие закони, еве денес повторно некои пратеници сметаат дека тие не треба да се донесат по итна постапка.

VIII/7

Јас сакам само да напоменам дека сепак носиме закон за изменување и дополнување на Изборниот закон, не носиме нов закон. Според тоа целта на предлагачот е законот да се направи подемократски и попоравичен. Да се исправат грешките од претходните избори и мислам дека во тоа е направен успешен обид. Непосредно после изборите и оние партии кои што влегоа во Парламентот и вонпарламентарните партии анализираа, правеа симулации што би било кога би било, какви изборни единици. Според тоа, година дена траеја тие расправи и научни институции се занимаваа со анализи и дојдовме до сознание и овде што е содржано во овој закон дека е потребно да се земе од тие научни согледувања, и од поединечни ставови на поедини политички партии. Тоа е едниот аспект.

Вториот аспект е зошто се определуваме за пропорционален изборен модел. Јас не можам никако да се согласам со гледањето дека овој закон со внесувањето на можноста 20 пратеници да се бираат на пропорционална основа е навистина демократијата во Македонија. Демократски дали се изборите се мерат по неколку параметри. Дали се општи, дали се слободни, дали се непосредни. Се разбира, доколку тајно се гласа на тие избори. Тие се самите елементи на изборите дали се демократски или недемократски. А изборниот модел мнозински пропо-рционален никаде во светот зема како карактеристика за демократичност или недемократичност на изборите. Според тоа, тоа е зависно од констатацијата на политичките, меѓунационалните односи, внатре состојбата со демократијата и таи држава се определува како модел.

Јас мислам дека кога говориме за пропорционални кога персоналниот изборен модел, станува збор овдека за комбиниран изборен модел, со внесување на можност 20 пратеника да се бираат на пропорционален начин, значи сепак чекор напред во демократизирањето на политичките односи во Републиката. И би додал ако сакате, дури и меѓународните. Јас не би сакал еден реалитет да го предвидиме.

VIII/8

Реалност е во Македонија, независно дали ние сме се определиле да градиме граѓанска демократија, меѓутоа тоа е процес. Треба да поминат години кога луѓето независно националната припадност ќе се чувствуваат граѓани на Република Македонија. Меѓутоа, факт е дека денес многу националности се организираат политички на национална основа. Тоа го имаат и албанците и турците и србите. Има здруженија на власи, ромите итн. Според тоа, станува збор за една реалност,ако ја предвидиме таа реалност може да има многу штетни политички импликации а да не се нарушува, напротив да се зголемува демократијата во Републиката. И второ, исто така беше изнесено едно мислење дека со овие изборни комисии избирачки одбори дека се фаворизираат фактички политичките партии кои се на власт. Јас сакам да потсетам дека токму со избирачките комисии , изборните комисии, избирачките одбори, опозицијата доби најголем број на пратеници во Парламентот. Зарем и тука може да се говори дека е недемократичен изборниот систем ако Владата односно коалицијата ги предлага избирачките одбори и изборните комисии.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Понатаму, исто така не можам никако да се согласам со гледањето дека пропорционалниот изборен систем е недемократски само заради тоа што Албанците ги фаворизира затоа што се подисциплинирани на изборите и похомогени за своите кандидати, а Македонците се разединети, разделени. Зарем тоа е алузија пак да донесеме некоја измена во Законот Македонците да формираат само една политичка партија за да биде во мнозинство? Тоа веројатно не е во духот ниту на демократијата, а ниту во духот на граѓанскиот устав што сакаме да го оградиме.

Според тоа, изборниот закон, бидејќи го носиме како закон за изменување и дополнување на тој закон, еве, преку амандманите, најдемократски да се произнесеме, да го направиме подобар. А, да се вадиме дека се топли, овие жешки денови, чак еден пратеник употреби термин - ова е удар врз демократијата во Македонија во вакви услови да се носи закон - јас би додал може да е удар, но само топлотен, не може да биде политички удар врз демократијата.

Ќе ве потсетам дека во членот 66 запишавме дека Собранието е во постојано заседание. Уште повеќе што на почетокот се договоривме, на почетокот на мандатот, во фаза кога ги градиме сите и ја заокружуваме државноста, економскиот, политичкиот систем итн., приоритетна задача на Парламентот е да ги носи законите, а не да се одмора. Впрочем, ние ќе сме ни многу претргнати од работа, просечно ако работиме по 4-5 часа овде на секое заседание на Парламентот и дека пречка се временските услови.

Уште нешто, со тоа ќе завршам, ние постојано овде, Владата нуди под итна постапка да се донесат овие закони затоа што постојано е прозивана од опозицијата дека ако Владата сака пред- времени избори, таа ќе дадеше можност, ќе донесе одлука, ќе дадеше можност да се

донесат изборните закони. Па, еве, тоа го чини Владата. Дава можност да се произнесат сите пратеници, да се донесат законите. Е сега, ако се донесе одлука да се оди на нови избори, тоа е посебна тема за која ќе разговараме овде на овој Парламент. Сега разговараме само за законите. И, ве мола на нив да се задржи- ме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи претходниот говорник покажал со рака, пратеникот Михаил Пановски бара реплика.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Господинот Тито Петковски ме цитираше без да ме спомне, кажуваше мои зборови што јас ги кажав. Затоа се чувствувам повикан да станам да одговорам.

Сеуште стојам и ќе стојам на становиште дека вакви закони што се нудат по итна постапка претставуваат удар на демократи- јата во оваа земја.

А, тоа што кажа дека опозицијата добила најповеќе закони, тоа е една ординарна лага, бидејќи ако добила најповеќе гласови немала да биде опозиција туку ќе била на позиција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, сакам само многу кратко да се задржам на материјата што ја разгледуваме сега.

Мислам дека многу малку се задржавме на она за што треба да

зборуваме. Ние зборуваме дали по итна постапка или по нормална процедура, а веќе прифативме на дневен ред тоа да биде така. Мислам дека е тоа поминато и треба да разговараме за законот.

Излегов само да кажам нешто околу некои работи што се пропратни елементи на сето ова'.

Прво, зошто толку се исплашивме при донесувањето на овие закони што значат усогласување со Уставот, дека веднаш ќе има избори? Јас не гледам некој страв дека ќе има избори. Еднаш реков дека овие пратенички места се многу слатки, благи, мили итн. И моето место е таму многу убаво, ова овде на господинот претседател, па првово место овде на претседателот на Републиката е уште послатко, се е слатко, но еден ден треба да настане некоја промена, да дојдат некои други снаги.

Се постави прашањето кој ќе дојде овде, во ова Собрание? Дали има сили итн.? Зарем ние сме најпаметни? Јас јавно овде изјавувам дека не сум најпаметен. Можеби имам малку памет да кажам нешто, меѓутоа сигурно има попаметни од мене, а верувам дека има и поеманципирани и од мене и од вас. Значи, на сите нам овде ни фали еманципација за севкупново нешто.

Што се однесува до законот и што е она што фали во моментов, ако една дискусија овде укажа на прашањето на избирачки единици со мотивација да се влезе во Парламентот, дали тоа значи логично да се остане на стари избирачки изборни единици за да може да не се влезе во Парламентов. И така може да се толкува. Ограничување да не се влегува. И, тоа е тоа.

Според тоа, јас не сакам да навлегувам во некои детали, да кажам дека на одредено избирачко место односно изборна единица со 16 - 13 - 14 илјади избирачи и со добиени 12.800 и 13 илјади гласови не е исто и

2.800 и 3.000 итн. Според тоа, ајде да го оставиме она што било старо, стариот Извршен совет што предложи овде. Ќе спомнам една стара работа што на мене ми беше мила и таа работа, поради тоа учествува во креирањето на една политика дали да биде мнозински или пропорционален систем, меѓутоа старата извршна власт, Извршниот совет предложи а тогашното Собрание на РМ изгласа мерка односно закон како што биднаа изборите. Мислам дека треба да настане една измена и треба да се води сметка за таа работа.

Се знае дека во април месец треба да има пописи. Општ попис на населението во Република Македонија. Што тогаш? Овде беше нешто кажано околу пописот, дали Европа ќе бар анови избори? Јас мислам дека нема што да бара нови избори и тогаш поради тоа што ние сме сега тука и тогаш ќе бидеме тука и што јас знам, освен ако некој не отиде на оној свет, нели. Има избирачко тело, има пратеничко место. Нема избирачко тело нема пратеничко место и тоа е тоа. Не може вештачки да се создаде нешто.

Според тоа, сметам дека треба само да се видат изборните единици и избирачките списоци. Не може таму и мртви и живи заедно. Мртвите на оној свет се, живите треба да останат тука, тие треба да гласаат, па имаме нов прираст на населението, тие што доаѓаат им стасува времето за гласаше, право да бидат бирани и да бираат. Немојте да мислите дека лесно ќе се дојде до избори, како некој овде што прогнозира дека тие ќе бидат во септември или октомври. Јас не мислам баш така. Но, и ако дојде до тоа, ако толку се исплашивме од тие нови избори, интересно ќе биде актот за распуштање на Парламентот да биде донесен по пат на тајно гласање, дали ќе има гласови? Дали сите ќе речеме да? Јас мислам дека најголем дел од пратениците ќе гласаат негативно. Значи, сепак местото е слатко.  Но, во начело и дефакто сум

за тоа да се донесат овие закони и овој народ оваа Република Македонија ова граѓанство на Република Македонија заслужува еден подобар парламент од нас, подобар состав кој ќе води сметка за се поубаво. А јас знам и по оној модел на пропорционалната застапеност, на пропорцијата, ќе има многу граѓани на Република Македонија што ќе водат сметка за секој од нас, за секој од кандидатите што ќе биде за Македонија секогаш, за Македонија се бореле не од некои други побуди туку само од прогресот и она што се сака да се постигне во Македонија, а не издвојување и подвојување.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор во општиот претрес.

Збор има господин Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, ќе говорам за тоа дали има потреба за донесување на еден ваков закон, да се направи разлика помеѓу тврдењето оти ние усвоивме постапка дека овој закон ќе треба да се донесе по итна постапка и дека работата е свршена. Понатаму, кој систем ќе треба да избереме за одење на избори и дали она што го понуди Владата како предлог е прифатливо за мене како пратеник или не. И, на крајот што од итноста на донесувањето на ваков закон.

Прво и основно - дали овој закон треба да се донесе? Говорам да, затоа што имаме законска обврска за донесување на овој во пакет со другите два за избор на претседател и за политичките партии.

Меѓутоа, стана збор, да не ми се приговори подоцна, и во ЗПК стана збор дали овој закон ќе треба да се донесе по итна постапка или редовна. Таму мислењата беа подвоени и заклучок на Комисијата е дека

може да оди односно Собранието да се изјасни за тоа како ќе биде. Значи дека практично Комисијата не одлучи и не се впушти во конечна одлука, макар да провејуваа одредени мислења ЗПК да заземе свој став како препорака до Собранието.

Дами и господа, јас морам да се држам за она што Владата го предлага како основ и причина за донесување на овој закон по итна постапка. Наводно, дека постоела можност во Уставот да може да дојде до распуштање на Собранието и во тој случај Собранието односно државата ќе биде затечена во безизлезна состојба да не можат да се спроведат изборите. Ова е непромислено образложение, образложение без основ. Од која причина? Основна причина што Уставот е донесен со ваква содржина уште на 17 ноември 1991 година, со што практично се приближуваме кон рокот од две години. Друго ќе беше ако Уставот беше донесен на 21, па Владата воочи една можност, согледувајќи една можност што е создадена со донесуваше на еден устав донесен пред еден ден, а стапил истиот ден да се избегне таква можност го нуди овој предлог. Меѓутоа, ние имавме експертска Влада, па дојде оваа политичка Влада, Влада на коалицијата, која еве е скоро година како ја има власта и одеднаш, преку ноќ и текнува дека е можна ваква комбинација и да најде спас на државата Македонија ќе носиме предлози, закони по итна постапка.

Еден од колегите добро забележа лека ова Собрание. место исклучок го направи правило. Сите тие закони што овдека ги донесов-ме, освен Уставот, ги донесовме по скратена постапка. Дали толку ни се брза или кому во кој момент што ќе му текне ќе може да предложи на ова Собрание и ние овде, еве да не пропадне државата, да не ни се приговара ние ќе го уважиме она што ќе го предложат.

IX/7.-

Кога ова го говорам имам за намера што? Да докажам дека изборниот систем што се заговара да се спроведе во една држава е токму доказ дека државата има или декларативни односи кога говори за демократија или декларацијата што ја пропишала во Уставот и низ законите ќе ги оживотвори кога. во една нормална, редовна процедура ќе ги добие инструментите преку кои ќе ги врши изборите на претставничките тела.

Кога говорам за изборите на претставнички тела, тука што треба да се знае? Основно во една држава се определува активно и пасивно избирачко право, односно кој ќе биде тој што ќе има право да бира и кој ќе биде тој што ќе има право да биде избран. Ако ние одиме на закони на препад а без да утврдиме ова основно начело кој во државата ќе биде носител на власта, кој ќе биде тој што ќе даде глас да се воспостави една институција, тогаш мора да водиме сметка дали сите закони, сите норми што ги следат овие потреби се уредени или не.

Ова го говорам токму и од смисла на утврдениот предлог на дневен ред кога на пратениците Душко и Кирил им се прифати амандманот односно предлогот за измена и дополнување на законот за изби- рачките списоци по интервенција на член 26 каде се говори како и на кој начин се уредуваат, водат и устројуваат избирачките списоци. Јас само ќе кажам за последниот дел од тој член, кога може да се устројуваа и по обични кажувања на распрашаните лица по улица, дека тој има право или желба да биде запишан во избирачкиот список и со тоа да се јави како можност да биде избран односно да избира.

Кога имаме предвид дека државјанинот на Република Македонија е тој како граѓанин кој ќе врши избор и ќе биде избран, тогаш е нормално да говориме за два основи кога ќе се утврдат избирачките списоци да

постојат само два основи и тоа кумулативно, а тоа се книгите на родените и книгите за државјанство.

Во овој случај, што се добива? Се надминува, прво и основно што ние кога го донесувавме законот за матичните книги во 1974 година, тогаш се претпоставуваше една поширока заедница за живееше каде се утврдило дека државјанството на СФРЈ е основ за рамноправно учество, за поделба на власта на територија на бивша СФРЈ. Овде доаѓа да се утврди кој ќе има право да биде биран и да избира на територија на државата Македонија. Што значи дека нормално е и сосема природно да се врши и заштита на една држава и преку овој систем на државјанство.

Господа, зошто ова посебно го елаборирам. Ние говориме дека имаме луѓе иселеници, дека имаме луѓе на принудна работа во странство. Тие таму живеат по 15-20-25 и 30 години, меѓутоа тие ги остваруваат правата како граѓани а правата како државјани не ги остваруваат. Ниту еден наш граѓанин кој е на принудна работа во било која европска земја или надвор, во прекуокеанските земји тој не учествува во создавање на државата. Па така и сега, ние не можеме да допуштиме да личности односно луѓе, граѓани од други држави, поранешни на СФРЈ бидат овде што ќе вршат избор на територијата на оваа држава. Владата, значи, овој елемент апсолутно го превиде. Ако се брани дека не го превидела, тогаш дали намерно работи да не создаде пак една нова конфузија,  да имаме непријатности на самите избирачки места, да се доаѓа со што? да се врши избор со појава на лична карта. Личната карта извадена врз основа на слободен проток односно менување на место на живеење во бивша СФРЈ издадена лична карта, добиен пасош или слично. Што значи еден ист граѓанин ќе може да се јави и по место на државјанство каде живее и по место на поседување на лична карта или патна исправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Во тие два случаја ќе имаме граѓани со повеќе државјанства, граѓани со повеќе права, па некои така наречени колективитети ќе се јавуваат да остваруваат државничко право по повеќе територијални, или државнички основи. РМ како држава сметам дека во овој момент има најмалку потреба од една таква конфузија. Ако Владата се плашеше дека Парламентот не работи како што треба, господа пратеници ако Парламентот не работи како што Владата цени, како што чини, значи дека распоредот во коалицијата која ја сочинува Владата е лош. Тогаш ќе дојде до нови избори само ако нема можност да се сочини поинаков состав на Владата во постојниот избор. Ако некој смета дека ние направивме коалиција и сега поради оваа коалиција нема друга, нема можност, тогаш ние сме тие кои еве, решаваме се што се случува во оваа држава. Ние не сме на партиски состанок, туку во еден Парламент во кој може да настапат распоред на сили за формирање на Влада и поинаку од оваа. А ако оваа Влада сметала дека ние ќе се распуштиме сега, ќе дојде до нови избори, ќе го распуштиме Парламентот, оваа Влада ќе остане, ние ќе ги диктираме условите за спроведување избори. Тоа е навистина заблуда. Така не оди. Ми се чини дека некои се изгубил во своите сметки. Понатаму господа, што се случува? Ако дојде да се постави прашањето за избор или распуштање на Парламентот има една пречка и се толкува поинаку секогаш, како на кој му е интерес. И затоа вика, кука која не тегне кон себе, нека се откине. Кога беше да оди Владата на премиерот Кљусев, тогаш одредбата од член 10 од став 1 гласеше само за претседателот на Републиката и пратениците на Собранието во овој состав, а Владата може да се менува. Сега вика, Собранието може да се распушти, а останува Владата и претседателот.

X/2

Што се случува? Се распушта Собранието, а оние што ги избрало Собранието остануваат. Штом е така, секој има право да говори и да размислува Ако е така, да направиме демократска работа, ајде ќе распишеме сега прв пат, веднаш сега ова Собрание, ние го избравме претседателот на Републиката, ќе распишеме за него избори, ќе ги спроведеме тие, да има кој ќе ја претставува државата кога ќе се распушти државата, затоа што не може да остане оној кој е избран од друг, а го нема избирачот. Па тогаш ќе одиме на избори, ќе има кој да не застапува, државата ќе работи легитимно. Ние секогаш наоѓаме една форма за потреби. Сега кога спомна да се некој распушти како ќе можеме да вметнеме во предлогот на законот да вметнеме една одредница Собранието се распушта, пратениците одат, а задржуваат едно право. Кое право? Па да предлагаат кандидат за претседател на Република. Ако некој губи право, му престанува мандатот по било кој основ тој може да има однос од работниот однос да користи право, а од функционалниот, политичкиот момент тоа право во тоа и се состои да го изгуби, да не може да има право да предлага, да избира, нема право да избира, а има право да предлага. Каква е таа комбинаторика? Затоа јас ако 6диме во системот на демократијата да сакаме да имаме претседател, значи ова Собрание ќе го предложи тој човек, кој и да е, еден веројатно ќе помине на тие избори, мора да се избере и затоа ние викаме сакаме избори, но да не одиме само на заговорена, на декларативна демократија, туку на суштинска, содржајна демократија.

На крајот господа пратеници да се позанимаваме и еднаш сами со себе. Во животот стои едно, секогаш човекот вика: уби го боже, а не вика уби ме боже. Политичкиот интерес на одделни партии говори секогаш маркетинг, маркетинг. Политичките партии прават маркетинг. Само

недозрелите личности кога ќе му преговараат на некого овој прави маркетинг, тогаш не е свесен дека тој вика уби ме боже. И до сега ние сметам никогаш не се видовме сами себе. Дозволуваме на новинарите да ни водат политика, иако немаат политички мандат е за таква работа, ние да бидеме средства за информирање од оваа говорница да ги известиме граѓаните кои ни дале мандат да водиме политика, колку ќе успееме со притискање на копчето да го исклучиме преносот, или да го скратиме, а веднаш потоа било дали е тоа новинар на списание, дали е на телевизијата да даде коментар и да води политика, ова не чини, ова не чини, затоа што не мислиме како овие што мислат од оваа политичка формација! Заради ова јас ги молам претседателите таканаречено претседателство повеќе да не ни прават едни седници ги закажуваат, па ги откажуваат, па ги презакажуваат и на крајот да не знаат кога ќе се одржат. Да можеме да добиеме секогаш една нова седница, да решаваме за некој закон по скратена, или по итна постапка, затоа што Владата нашла интерес на некого да му стави прашина во очи. Ние, јас лично не бегам од тоа дали ќе имаме предвремени, редовни и кога избори. Изборите се потреба, ако ние овде како политички претставници на народот не можеме да најдеме да правиме комбинации околу поделбата на извршната власт, околу оформувањето на извршната власт, тогаш да одиме на нови избори, а не затоа што некоја располетна политичка власт цени дека таа треба да остане на власт и да го распуштиме Парламентот. Во тоа е и демократијата, во тоа е и разумот. Чести избори ќе имаме господа да се ние парламентарците овде договориме за што? Да одиме на избори, или не.

(гласови од место:Зборувајте за законот)

Не беше по законот некој да формира илирида во оваа држава, па сега да ми говори за закон и да ме прекинува. Господа, вие законот многу

добро го знаете, само не го почитувате. И со такви манипулации овде веќе оваа говорница нема да се користи. Господа што сакам да кажам. Чиста демократија тогаш ќе има и: во Собранието. Свесни ли сме дека немаме распоред за извршна власт? Да. Да се договориме тоа да биде 1 септември, да биде 1 октомври, да биде 1 ноември," 1 декември, 1 јануар, нека биде Божиќ. Овој ден ќе се знае ден божиќни избори. И во тоа е и снагата. Значи тогаш ние сами ќе имаме снага да понесеме. одговорност.

Сега, пак да се вратам на она, уби го боже. Господа што? Баш за законот е. Овде на нас ни се протежираше што? Додека беше "Владата на" Кљусев"7 не чинеше Владата, сега одеднаш почнавме да викаме уби ме боже, уби ме боже, Собранието не чини. Андов не е Собрание, Андов е претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, вие сега разговарате за поединци. Вие кажете што имате. Продолжете и зборувајте за тоа за што сте дошле на говорница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дојдов за Изборниот закон. Јас ќе кажам за измена и дополнуваше на постојниот закон за избор и отповикување на пратеници и одборници, а кој закон ќе се вика: За избор на пратеници и избор и отповикување на одборници. Господа во ЗПК се заговори едно прашање што овде мора да го кажеме во начелната расправа. Овој закон како што се предлага во вториот дел ќе биде нефункционален. Зошто? Ние говориме за избор и отповикување на одборници. Каде? Ние локалната самоуправа ја

немаме. Ако законот  за локална самоуправа меѓувремено се донесе па да имаат совет, или некоја слична организација која ќе се сочинува тој што ќе добие мандат. Таму се предлага првиот човек на општината се избира на избори, тогаш тој да си сочини тим. Кого ние ќе избираме отповикуваме? Значи овде со вистината не кореспондира овој дел на законот. А ако говориме сега за сегашната состојба, тогаш се поставува прашање каква обврска извршува ова Собрание? Па вели, извршува обврска што со член 10 од Уставниот закон треба да ги донесе овие 3 закони кои се сега на расправа. Меѓутоа, истиот тој закон го задолжил ова Собрание во рок од 6 месеци да го донесе Законот за локалната управа. Значи ние едно работиме, друго не работиме. Тоа е нашето неработење. И таму ако ни приговори некој, тогаш ќе завршам со зборот, нека ни биде уби не боже.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас се сложувам дека овој закон и другите два, три кои се во овој пакет се закони кои се наспорно битни за демократијата во Македонија до причина што зависно од законот, се разбира пред се и од волјата на избирачите, меѓутоа, зависно и од моделот се постигнува структурата на власта во РМ. Она што сакам да потсетам со оглед на бројните обраќања од страна на опозицијата кон позицијата, односно кон коалицијата е следново. Во моментот кога се создаде оваа коалиција премиерот во името на коалицијата излезе со Платформа помеѓу другото во своето Експозе вети дека најмногу ќе работиме на проблемите на признавањето, на проблемите на зачувување на мирот, на реформите и да не набројувам 8-те точки и

помеѓу другото едната точка беше да се создадат услови за спроведување на новите избори во склад со изборен модел кој ќе одлучи ова Собрание, со нов : закон за партиите итн. Може би малку со задоцнуваше, а меѓутоа, сепак после 11 месеци излеговме со тој пакет. Во меѓувреме се работеше и на другите проекти, се разбира и она што мене сега прво ме зачудува е тоа што 11 месеци се прашуваше зошто нема тоа што се вети во една од точките на коалицијата, на што ќе работи во преостанатиот дел од мандатот, меѓутоа кога излеговме со пакетот, односно кога Владата излезе со пакетот, она што е прашање сега е зошто има пакет на вакви закони? Така да мислам дека во основа расправата во ова Собрание се сведува на 2 точки, ако нешто нема зошто го нема, ако нешто има, тогаш зошто го има. И мислам дека секогаш успеваме да избегаме од проблемите на тоа да одлучиме нешто, отколку само да расправаме.

Јас лично го поддржувам вакviот Изборен закон во основа кој е еден комбиниран систем и кој е еден од 200-ните модели изборни кои постојат во светот, дали де факто во вид на изборни закони на поедини земји во светот, или пак како теоретски модели. И сосема сум убеден дека идеален изборен модел нема. Веројатно најидеален измислен модел би бил пропорционален изборен модел со изборни единици за цела држава. Со тоа што јас израчунав на варијанта од 120 пратеници тоа би било пропорционален систем со цензус од 0,83% освоени гласови со што би се освоило пратеничко место како цензус за влегување во Парламентот, или ако расправаме за 140. пратеници, тогаш би бил пропорционален систем, исклучиво пропорционален без елементи на мнозински со 0,71% цензус за влегување во Парламентот за број на

пратеници од 140. Се разбира дека и ваквиот идеален има покрај овие позитивности каде што ниеден глас на избирачите не се губи освен со математиката која мора да се сведе на некој минимум, овде би бил 0,83, има и мани, а тоа е дека создава нестабилна власт, дека тешко се доаѓа во Парламентот до решенија, тешко се одлучува заради испарцијализираност на телата кои носат одлуки итн. Веројатно најнедемократски модел би бил оној што постои на пример во некои од државите, а тоа е мнозински систем со еден изборен круг и тоа во тој круг се добива пратеник на тој начин што кој добие најмногу гласови па макар и еден, ако еден излезе на изборите станува пратеник. Се разбира дека никој пат нема да стигнеме, затоа што ниедна земја не ни постигнала веројатно идеален систем. Меѓутоа, мислам дека во нашиве услови од повеќе причини вреди да се расправа мошне сериозно за комбинацијата што се нуди, затоа што обезбедува чекор напред. Не се сложувам со тоа што некој го кажа овде од говорницата, мислам дека беше пратеникот Пановски, дека досегашниот систем е подобар.

XI/1.- JJ-ВБ

**НИКОЛА ПОПОВСКИ: (**продолжение)

Мислам дека е ова чекор напред затоа што нуди поголема демократичност и затоа што дава шанси, јас се извинувам за изразот што ќе го употребам, меѓутоа сакам да бидам попластичен во изразот дава шанси на таканаречените мали партии кои што во мнозинскиот. систем можат да освојат голем број на гласови, меѓутоа заради тоа што никој пат не можат да имаат прво место и нема да освојат ниту едно пратеничко место, овде во тој додаден број од 20 пратеници што се овозможува со процентот што се предлага 5 или повеќе, да имаат пратенички места и на тој начин да ја изразат волјата на граѓаните што гласале за тие партии. Од тој аспект мислам дека сосема сериозно треба да пристапиме, иако сме ние партии во Парламентот, сосема одговорно да пристапиме и кон оние гласачи и кон оние партии кои во овој мандат немаат пратеници и кон оние гласачи кои не успеале своите политички опции да ги изразат преку пратеници во ваквиот модел да им дадеме можност во тој дополнителен јас би го нарекол корективен пропорционален дел од изборниот закон да може да дојдат до шанса да добијат барем едно или повеќе, максимум 20 пратенички места.

Меѓутоа, овде за што може да се разговара и зборува и за дел од тоа што сакав да го кажам веројатно заради истоветноста во мислењата го кажа и потпретседателот Петковски, не би должел многу туку само да укажам дека вреди многу сериозно и без потценување како што се настапи од оваа говорница да се разговара за изборниот модел што е понуден и кој претставува еден обид за комбинација на двата изборни модела со доминантност на мнозинскиот систем. Незнам дали тоа некој го кажа јас не го чув треба сериозно да размислуваме што овој модел би понудил од аспект на тоа во Собранието да добиеме пратеници од оние колективитети што не можат да бидат застапени во Собранието, барем еден заради својата разместеност на територијата на Република Македонија.

XI/2.-

Меѓутоа, тука по повод на овој закон се поставува и едно друго односно две прашања. Првото е дали Парламентот е спремен да се соочи со сериозен разговор за еден изборен закон кој не би обезбедил само интерес на сопствената политичка партија, па јас би рекол и интерес на сопствената етничка припадност, туку би обезбеди еден изборен закон со кој ќе може Македонија да најде модел во кој мирниот развој ќе се проектира и преку изборниот закон и преку овој Парламент.

И второто прашање што мислам вреди отворено да се постави од овде особено од аспект на тоа што повеќето од половината од пратениците кои припаѓаат на опозицијата, 90% од своите говори посветија обраќајќи се на коалицијата а не на изборниот закон, јас сосема во согласност со таквото однесување би се обратил на опозицијата од аспект на донесувањето на овој закон и од аспект на тоа што може да следи со донесувањето на овој закон и би ги прашал - дали опозицијата има храброст да се соочи со изборен закон и со она што тој изборен закон може да го донесе во Републиката односно ќе го донесе, ако не брзо тогаш за 12 месеци, како што рече Наќе Стојановски, сигурно зошто тогаш се и избори и просто изразувам чудење какво е тоа однесување на опозицијата кога многу тврдо стои на позиција против изборите, со опстроирање на овој закон, затоа што кога јас би бил опозиција, прво што би сакал да се случи се избори за да можам да дојдам во позиција. Кога би бил во опозиција би инсистирал на таквата моја позиција очигледно е дека се нема храброст да се соочиме со реалност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Луловски.

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници не би сакал многу да се задржувам околу иднината на законот и околу резултатите од изборите. Ние денеска

имаме да дискутираме за законот и ништо повеќе. Овде повеќе се дискутира за последиците од донесувањето на законот. Јасно е за што треба да дискутираме и што имаме на дневен ред.;

Би се задржал малку на дел од излагањето министерот Гошев, зошто сум противник на таканаречен закон за изменување и дополнување на постојан закон. Противник сум на изменување и дополнување и тоа по итна постапка, затоа што примерот досега покажа дека токму тие закони имаат негативни последици во секојдневниот живот. Би се задржал на членот во Деловникот на Собранието и за тоа како итноста се оправдува со членот 344 и 345. Таму јасно пишува дека закони по итна постапка се донесуваат што се однесуваат за стопанството. Имаме ние пример од пред неколку месеци кога точно со една ваква интервенција во Законот и со дополнување, во јавните претпријатија како ЖТП, јавниот сообраќај, ПТТ и во енергетиката, па ги видов резултатите што се случува со тој итен закон. Последиците јасно до вчера секој од нас ги почувствува и може да констатира. Со донесување на ваков еден закон, неразумен закон по итна постапка, веројатно и во овој случај донесувањето на еден ваков закон со измени и дополнувања по итна постапка, резултатите ќе бидат според мене негативни и катастрофални за цела Република. Во членот итноста на закони во Деловникот се предвидени такви закони само за во стопанството а за мене во овој случај стопанството сигурно не зависи од законот за избори, поготово за избор на пратеници итн.,итн.

Конкретно ќе се задржам на некои решенија во понудениот изборен закон. Што е овде спротивно на моите мислења и моите видувања. Имавме можност тоа да го видиме пред една година овде имаше претставници од американскиот институт кои сигурно проблематиката ја знаат многу подобро од наши дискутанти овде што дискутираат за вакви закони. Имавме тука една забелешка, бевме присутни тука и некои парламентарци можеби ќе се потсетат на тоа кога ни обрнаа внимание

дека ваква процедура за избори во светот не постои никаде. Јас го тврдам тоа и сега дека со донесувањето на ваков закон по итна постапка не постои тоа нема да се повтори. Тие луѓе јасно ни покажуваа и докажаа дека подготовки за избори траат најмалку една година насекаде во светот, во секоја демократска држава, не само за избор на пратеници, туку и за избор на претседателот. Од последниот избор за претседател на Америка можевте да констатирате, во тек не држеа нашите информативни средства дека траеше околу една година. Исто така во законот што го понуди Владата во главата II се предвидени дополнителни избори и тоа во претходниот закон. Што значи тоа прашање. Во мнозинскиот систем одговараат дополнителните избори но во комбиниран систем не постои став и начин во еден закон. Зошто тоа е така, дали предлагачот го предвиде понуденото, сигурно ќе се согласи со тоа. Ако имаме мнозински систем односно комбиниран со пропорционален систем е противно залагањето на самиот предлагач на законот не може една партија да ни излезе со еден изборен список па после во една друга варијанта да ни понуди дополнителни избори во едно изборно место во изборна единица. Тоа е толку апсурдно што веројатно Владата односно предлагачот самиот ќе констатира дека е грешка. Значи да повторам не постои во комбиниран модел на избори поимот дополнителни избори. Тоа треба да е јасно на сите и во тоа е мојата голема забелешка. На ова не понудија и дискутантите никаков амандман и за тоа сите ќе се сложите.

Околу дискусиите на неколку пратеници на пример сакам да скренам внимание на дискусијата на Тито Петковски кој што самото излегување на говорница веднаш даде придонес што излезе со еден конкретен предлог односно дека ќе полемизира со досегашните дискутанти Сигурно со тоа би се сложил доколку прво и прво господин Тито Петковски би племизирал сам со себе. Зошто тоа го кажувам?! Кога

XI/5.-

ова Собрание, овие исти пратеници во овие исти клупи пред десетина дена покренаа хајка или можеби еден трик да се послужам околу доверба на претседателот на Собранието, тогаш истата вечер господинот Тито Петковски на Телевизија А-1 толку бучно настапи против ваков предлог и иницијатива што сега чисто се сомневам не тоа што го кажа господин Никола Поповски туку се сомневам на се и на сите дискутанти што овде дискутираа од позицијата.

Исто така се зборува овде да се исправат грешките на претходните избори. Верувајте со вакви измени и дополнувања никој не може да каже дека точно ќе ги исправиме сите грешки на законот. Изборите и стариот начин на избори и закон ќе се исправат само со нов закон.

Од истиот дискутант е речено дека ние досега не работевме. Ако дискутантот се чувствува дека досега не сме работеле, јас се чувствувам така односно од оние што досега работеле во Собранието и не сум отсуствувал ниту една седница во Собранието ниту пак од седници на комисиите каде што членувам. Поради ангажираноста односно неангажираноста, ако мисли на тоа јас прво и прво се сомневам на денот и на месецот на кој ни се понудени овие закони. Досега август ни покажувал негативни работи, а тоа ни го покажаа и јавните дискусии што ги имавме 199 0 година како и 19 91 година околу референдумот. Толку несогласување, расправи па потоа на крај лани така се совпадна и изборот на новата Влада, а исто така имавме толку бучни дискусии, една Влада па друга, па друга се повлекува итн. Сега веќе трета годи ни се совпаѓа месецот август. Дали господинот Тито Петковски сака да одмара или не сака.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не упаѓајте од место, а вие господине продолжете.

XI/б.-

**КОЛЕ ЛУЛОВСКИ:**

Потоа последниот дискутант господинот Никола Поповски, ако мислеше навистина вистината да ја каже зошто мисли дека позицијата е против изборите, ве молам зошто тоа пред еден месец или два ни понудивте реконструкција на Владата, зошто, зарем треба да направиме една Гинисова книга да понудиме, односно да е избран потпретседател на Владата и министер за неколку дена. Тоа ли и требаше на позицијата? Јас чисто се сомневам околу начинот на кој е предложен зашто е несфатливо три дена после гласањето за новиот министер за надворешни работи и потпретседател на Влада да се излезе со закон и сега да дискутираме за нови избори. Јас тука малку ги делам, дали се работи за нови избори или закони за избори зашто сите потенцираме а јасно е тоа закони. Законите што беа досега не чинеа и тука дискутира опозицијата дискутира само за нови избори . Сега очекуваме дека со амандманите нешто ќе се исправи од опозицијата но тука демократијата не значи како што кажа потпретседателот Тито Петковски, понудениот закон ќе ја наруши демократијата, но ќе ја наруши доколку не се прифати ниеден амандман од понудениот амандмани на опозицијата. Сигурно дека нема да се прифати ни еден амандман. Примерите за овие две години покажуваат дека не е прифатен ниту еден амандман на опозицијата. Значи имам забелешка на изборот а ќе се согласи и предлагачот дека дополнителни избори нема во комбиниран модел за избори - глава II од постојниот и од новиот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Љупчо Георгиевски.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа, почитувани пратеници, Лично сметам дека е добро што сепак расправаме за овој закон за нови избори од неколку причини. Од причини што сметам дека ова е еден од најпаметните потези на

XI/7.-

Владата, нормално како предлог на закон затоа што на тој начин може да се реши агонијата која еве неколку месеци а може интензивно и последните два месеци ја потресува македонскиот парламент од неединството на коалиционите партнери во македонската влада со што длабоко ја дестабилизира Република Македонија и севкупното мислење и вербата на македонскиот народ дека сепак Парламентот е највисока институција на власта. Тоа е нели како идеа за законот. Инаку, не можам да не ги кажам забелешките што беа изнесени на дел од пратениците на опозицијата а тоа е токму во фактот што за жал, Владата на РМ наместо уставното решение. да ни понуди целосен предлог-закон, ни предлага само закон за дополнување и измени на веќе постојниот закон со; што повторно се оди на неуставно решение. Тоа е од една страна, второ а тоа е она што беше изнесено од повеќе пратеници на опозицијата дека начинот на постапката на кој се донесува закон а тоа е постапката за итно донесување на овој закон, зошто сметам дека е несимпатично сето тоа. Несимпатично е затоа што веќе и беше потенцирано овде од премиерот на Владата кога го поднесе своето излагање за неговото номинирање за премиер дека едно од основните прашања ќе биде предлогот на закон за избор на пратеници и одборници. Значи, веднаш можеме да заклучиме дека на премиерот односно на Владата им требаше една година да помине, па таа своја обврска што си ја даде сам без никој да го тера да ја достави пред Парламентот. Тоа беше првата работа. За втората работа ќе ве потсетам е кога пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ на 29 јануари поднесе исто така иницијатива за донесување на овие закони, меѓутоа тогаш ние бевме грубо одбиени и од премиерот и од Владата дека такви закони има во Републиката и дека не ни се потреби дополнителни закони. Одеднаш сега во оваа сезона на средина на летото, се доставува закон за донесување по итна постапка за избор на пратеници и одборници. Без разлика на тоа, јас сум спремен

да разговарам за овој закон по итна постапка, меѓутоа, навистина со една добра мотивација. А која ќе биде најдобрата мотивација од страна на Владата или од страна на коалиционите партнери? Најдобрата мотивација е, најдоброто оправдување е дека сега е добро да го донесеме овој закон под итна постапка ако веднаш по донесувањето на овој закон се поднесе иницијатива или од страна на Владата или од страна на коалиционите партнери или вклучително на сите партии, со еден претходен договор на сите партии во овој Парламент за распишуваше на нови избори. Сметам дека единственото оправдување овој закон да се донесе по итна постапка е навистина токму тоа по изгласувањето на овој закон во Парламентот веднаш да се донесе и иницијатива за распишување нови избори. Во спротивно оваа иницијатива на Владата ќе ја сметам само како на пукање на еден празен балон како што и досега многу пати го има правено Владата, од едноставна причина. Сите ние многу добро се сеќаваме на контекст во средина на расправа на една точка, се сеќавате добро дека сеуште ја немаме завршено расправата за светските конгреси која толку бурно се најавуваше, веднаш се уфрла нова итна седница. Од која причина навистина никој не знаеме и затоа токму велам дека ниедно друго оправдување нема да постои ниту за Владата ниту за партнерите на коалицијата освен ако навистина после донесувањето на овие закони не се оди по итна постапка со одлука од страна на овој Парламент за распишување на нови избори во РМ. Сето друго ќе повторам е само и можам да го сфатам како пукање на празен балон во кој еве треба да се извади Владата после нејзиното заглавување со седницата за конгресите, после очигледните расколи меѓу пратеничките групи или пак една поука за сопствените немирни, недисциплинираните пратеници, со што еве Владата ќе им се закани ако пратеничките групи кои во Владата веќе дејствуваат како еден тотално раштиман оркестар е една отворена закана дали тоа ќе биде за ПДП или за Реформските сили, еве ако не ја

слушате оваа Влада ние знаеме и на избори да одиме. Тоа се најјасните мотиви од што може да се дискутира и за оправданоста за донесување на еден закон, ваков закон по итна постапка. Тоа е она што сакав да го кажам како мотивација на законите. Што се однесува до самиот конкретен закон сметам дека кога станува збор за законот за кој дискутираме денеска има два клучни момента прво моделот на изборите и вториот контролата на изборната постапка. Сметам дека и едниот и другиот се многу важни за политичките партии во РМ а сметам дека од тоа како ќе биде регулирано зависи и политичката иднина и на партиите и на самиот повеќепартиски живот во РМ.

Најпрвин ќе се задржам и на она што се нарекува модел на избори при што најчесто се спомнуваат два модели што се популарни во светот од една страна мнозинскиот модел и од друга страна пропорционалниот модел. Во таа смисла моето лично убедување е дека во РМ и на политичките партии на РМ и политичкиот живот во РМ и им одговара мнозинскиот изборен систем. Од каде произлегува тоа?

XII/1. -СП/МЛ

**ЉУПЧО ГОРГИЕВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Што произлегува од тоа? Произлегува не само од искуството на Република Македонија, туку пред се од светските искуства. Ако ги погледнеме денеска најразвијните демократски држави ќе видиме дека во сите тие развиени демократски држави вклучувајќи ја и Америка која има 200 години традиција на слободни избори секаде е во употреба мнозинскиот систем на парламентарните избори. Оттука сметам дека Македонија, од друга страна имаме класичен пример на една Италија каде што 40 години имаше еден пропорционален изборен систем и имаше постојано паѓање на влади, рушеше на влади и го имаме класичниот пример на 40 и неколку влади за 40 години, за да на крај завршат со референдум на кој сите граѓани на Република Италија се изјаснија за преминување од пропорционалниот систем во мнозински изборен модел. Значи, сметаме дека и во РМ треба да го користиме она што веќе се покажува како светско искуство, а тоа е ако сакаме да имаме една стабилна Влада во иднина, ако сакаме да имаме еден стабилен парламент во РМ каде коалициите ќе можат да се формираат на една стабилна основа.

Исто така, тука треба да се спомне и примерот на Полска каде сега во Полскиот парламент има околу 25,26 партии, меѓутоа, од една страна тоа е добро за малите партии, меѓутоа, за полската држава како држава за стабилност на системот како систем е многу лошо.

Факт е дека изборниот модел односно мнозинскиот изборен модел ги форсира големите партии во државата во која се спроведува и оттука можеме да кажеме дека мнозинскиот изборен модел и во РМ ќе ги форсира големите политички партии.

XII/2.-

Меѓутоа, тука се поставува едно обратно прашаше. Јас верувам дека секоја партија во РМ верува дека е таа голема политичка партија и дека зад себе има огромен број гласачи. Оттука мнозинскиот изборен модел не претставува ништо друго, туку навистина една жестока конкуренција во која сите партии кои за себе сме- таат дека се големи политички партии, сите партии кои сметаат дека зад себе имаат големо гласачко тело и сите партии кои сметаат
дека на наредните избори ќе можат да победат и да освојат голем дел од Парламентот, тогаш не треба да се плашат од мнозинскиот изборен модел, туку напротив сметаат дека треба да бидат доволно храбри да го прифатат тој мнозински изборен модел. Затоа ме загрижува кога денеска од некои политички партии кои седат во овој Парламент, што значи еднаш докажале дека се големи политички партии во РМ, сега се појавува страв од мнозинскиот изборен модел. Дали значи тоа дека некои партии во македонскиот Парламент се плашат дека толку многу рејтингот им е опаднат за овие три години што сега прибегнуваат кон тој пропорционален изборен систем, па по логиката дај да спасиме што можеме да спасиме.

Значи, лично го поддржувам мнозинскиот изборен модел не само како основа, туку го сметам како потполн систем на избори во РМ и оттука сметам дека вториот дел што овој пат Владата го додава во овој изборен закон, а тоа е 20 пратеници да се избираат по пропорционален систем не претставува ништо друго, освен своевидна отстапка на своите коалициони партнери во ПДП-НДП кои најверојатно сметаат на тоа дека со овој дополнителен пропорционален модел ќе можат да освојат повеќе гласачи или повеќе парламентарци отколку што имаат во моменталниот состав на македонскиот Парламент.

Оттука за мене лично сметам дека и таа отстапка од страна на Владата е неприфатлива и дека во РМ треба да се оди строго на еден

мнозински систем кој навистина на РМ ќе и гарантира дека утре македонскиот Парламент навистина е еден стабилен македонски Парламент во кој една или две или три коалициони партнери ќе можат да формираат своја извршна влада односно да ги формираат органите, на извршната власт.

Оттука кога зборуваме за мнозинскиот изборен модел се надоврзаа денеска на денешната седница неколку забелешки посебно од коалицијата на ПДП-НДП за измена на изборните единици и дека изборните единици како што се според овој модел што го имаме денеска се смислено правени против Албанците во Република Македонија за да можат да се елиминираат. Господа, моето мислење е сосема спротивно дека токму овие изборни единици според кои одевме на првите избори во Република Македонија се правени токму на начин како што повеќе албански пратеници да добијат места во македонскиот Парламент, а Македонците да бидат елиминирани од македонскиот Парламент. Затоа сведочат многу примери. Најдобар пример е токму во фактот што ако реално имавме победа или реално се водеа изборите според овој изборен модел ние денеска ќе имавме во македонскиот Парламент максимум 15 албански пратеници, а не како што ги има сега дури 23. Од каде произлегува тоа? Произлегува токму од фактот да го земеме на пример примерот на еден Гостивар каде 30 илјади македонско население останаа без ниту еден пратеник, а ако имавме логични изборни единици требаше да имаат најмалку во овој момент 2 пратеника во овој македонски Парламент. Меѓутоа, што се случи? Токму овие изборни единици што сега ги имаме како официјални изборни единици го расцепкаа македонското тело на тој начин што таквите македонски гласови се поделија и се стопија со другите албански изборни единици. Ист пример и на територијата на град Скопје каде имаме случај со пет пратеници од коалицијата ПДП-НДП такви случаи каде на пример се

јавуваат 10 или 11 илјади македонски гласачи, а од друга страна три до четири илјади албански гласачи на крајот победува пратеникот на ПДП-НДП. Оттука сметам дека ваквите инсинуации кои денеска беа искажани од страна на пратениците на ПДП-НДП дека првите изборни единици биле правени против нив, напротив сметам дека треба отворено да се каже дека токму првите изборни единици во Република Македонија беа правени токму на штета на македонското население со јасна цел пратениците од партиите на ПДП-НДП да добијат што повеќе гласови во македонскиот Парламент. Оттука сметам дека ако навлеземе во расправа за измена на изборните единици во Република Македонија, тогаш сигурно не треба да бидат прифатени само тезите на ПДП-НДП, туку ќе"имаме тези и од "другата страна, па навистина да се добие едно логично гласачко тело односно логични изборни единици со кои ќе можеме да зборуваме подоцна за вистински избори во Република Македонија. Тоа е оној момент кога станува збор за мнозинскиот модел или пропорционален при што, пак ќе повторам, дека во Република Македонија и овој Парламент треба да застане зад мнозинскиот изборен систем во Република Македонија од едноставна причина, а причината е дали сакаме во иднина во Република Македонија да имаме стабилен македонски Парламент, стабилна македонска Влада и стабилен политички систем. Затоа сметам ние имаме амандман и оној дел од 20% кој треба да се усвојат по пропорционален систем дека и тој треба да се исфрли и навистина сите партии кои сметаат дека се јаки партии, цврсти партии во Република Македонија да ја прифатат конкуренцијата и жестокиот натпревар кој го нуди еден мнозински изборен систем. Тоа е првиот момент што се однесува за моделот, како модел.

Вториот модел, односно вториот момент кој е опфатен со овој закон и со секој изборен закон го содржи моментот на контролата на изборите. Оттука, навистина сметам дека партиите на власт

коалиционите партнери кои денеска го нудат овој закон, навистина треба барем еднаш во овие три години да покажат навистина малку поголема флексибилност и поголема еластичност кон амандманите на опозицијата кои се однесуваат токму на делот на поголема контрола на изборите.

Зошто го зборувам тоа и зошто на некој начин го барам тоа од партиите на власт да имаат малку флексибилност. Од многу едноставна причина, од едноставна причина што сметам дека на сите политички партии, во Република Македонија и на* сите вас како пратеници ви одговара она што се нарекува изборна постапка она што се нарекува завршување на изборите до крај да се завршат во една фер игра, да се завршат во една вистинска контрола за да може по тоа завршување на изборите ниту една партија да не може да рече изборите беа фалсификувани во Република Македонија, во Република Македонија имаше нефер избори или во Република Македонија се правеа манипулации со изборите. Оттука навистина уште еднаш го упатувам тој апел до пратениците и пратеничките групи на власта, навистина да ги согледаат добрите страни на многу од амандманите што се понудени од опозицијата, токму во таа насока, според овој изборен закон да ги задоволиме основните принципи на секои избори, а тоа е сите ние да се чувствуваме дека овие избори ќе бидат фер, дека овие избори нема да се лажираат, дека овие избори нема да бидат под контрола на одредени државни органи и дека сите ние ќе имаме една единствена задача, а тоа е да направиме што подобри партиски програми, што повеќе да ги убедиме граѓаните и гласачите во Република Македонија во нашата партиска програма, а не преку разни манипулации на изборите по пат на местење на кутиите, по пат на местење на избирачките одбори, по пат на местење на контролорите да направиме повторно еден циркус од изборите во Република Македонија.

XII/6.-

Се надевам дека сите политички партии во Република Македонија имаат интерес изборите да завршат во точно регулиран момент и точно одредени термини. Вие се сеќавате дека првите избори во! Република Македонија траеја два ипол месеци, вие се сеќавате дека последните избори за тројца пратеници во македонскиот Парламент исто траеа два ипол месеци. Затоа го поставуваме тоа прашање. Дали сакаме наредните избори да ни траат три месеци со тоа што да го убиеме чувството на македонскиот граѓанин дека во Македонија можат да се спроведат демократски избори, сакаме ли повторно по завршувањето на изборите да доживееме квалификации и од внатре и од странство дека во Република Македонија се фалсификуваат изборите.

Токму затоа сметам дека сите политички партии во Република Македонија треба да имаат една јасна цел и тоа е работа за која ни треба и партиско и национално единство, а тоа е навистина она што се нарекува изборна комисија, она што се нарекува републичка изборна комисија и она што се нарекува избирачки одбор на изборното место да биде составено по пат на вистинска партиска контрола и по пат на луѓе кои навистина ќе ја гарантираат контролата на тие избори Во спротивно ќе добиеме една жестока борба, не жестока борба на политички програми, туку ќе добиеме жестока борба на политичките партии нормално оние кои можат тоа да го прават на фалсификување и кој колку може да намести кутии на тие избори.

Оттука навистина сметам дека не постои политичка парти- ја која нема доволно да се грижи токму со овој закон кој го имаме денеска пред нас токму тој дел на политичката контрола на наредните избори да го изградиме до едно високо ниво односно до ниво како што е во секоја нормална демократска држава.

XII/7.-

Тоа е она што сакав да го кажам за изборите како избори и на крајот како еден предизвик уште еднаш ќе го упатам до коалиционите партнери, ќе го испратам како еден предизвик до Владата на Република Македонија расправата денеска по итна постапка за законот за избори на пратеници и одборници и неговото донесуван>е на истиот овој закон ќе биде навистина еден празен балон доколку по донесувањето на овој закон веднаш не уследи иницијатива за распишување на нови предвремени избори во Република Македонија, а за што сметам дека есента е навистина идеално време.

**СТОЈАН АЛДОВ:**

Ве молам сите ќе ве запишам што се јавувате и ве молам да пристанете на следното. Предлагам да го завршиме општиот претрес денеска, а утре да работиме по амандманите. Инаку, 17,00 часот е, должен сум да дадам две мали напомени некои се суштински некои законски. Кои зборови ги употребуваме, ве молам тоа е значајно. Верувам дека е ненамерно, тоа е во жарот на развивање на тезата, господинот Горѓиевски зборуваше за албански и македонски пратеници. Сите овде се македонски пратеници, тоа се пратеници на македонскиот Парламент. Само има некои кои се припадници и потекнуваат од македонската нација, а другите се од албанска националност овде во Парламентот. Има и од ромска, се разбира ќе има можеби и од турска само од националност, а сите тие се македонски пратеници. На тоа да внимаваме.

Друго, му се промакна вели Реформски сили, таа партија е сега Либерална партија и по законот, па да внимаваме како се употребува.

Инаку, ако ве интересира воопшто како претседател некои работи ги дознавам пред вас, утринава координаторот на Либерала партија ми донесе список со 18 потписи барање за вонредни избори, предвремени

избори, а на вестено ми е од координаторот на СДС дека скоро сите се потписници на еден список кој наскоро ќе ми го дадат.

За збор се јави господинот Ханџиски, па господин Поповски па господин Таири.

Ве молам, мора да завршиме со општиот претрес.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани колеги, мислам дека ни е јасно на сите дека нашиот мандат како пратеници во Собранието на Република Македонија е точно дефиниран и трае до крајот на идната година. По Уставот ќе мора да се распишат избори и за нас во рок од последните 90 дена од нашиот мандат. Спрема тоа, сосема е јасно дека ќе мора некој да не замени односно дека ќе мора да дојде до избори за нов состав на Парламентот. И да не беше регулирано со членот 10 од Уставниот закон за спроведување на Уставот само заради промените што ги внесовме во самиот Устав сосема е јасно дека со постојните изборни закони и тие избори кои мора да уследат последните 90 дена од нашиот мандат не можат да се реализираат, спрема тоа ќе мора во најмала рака да настане усогласување и на постојните изборни закони со она што е заговорено како решение во самиот Устав. Спрема тоа, апсолутно прашањето на усогласување на постојните изборни закони со уставните решенија не е врзано со предвремени или со регуларни из- бори. Врзано е со изборите кои мора да уследат по конечното истечување на нашиот мандат или евентуално ако падне одлука овде за предвремени избори. Притоа се јавија две дилеми.

Едната дилема упатува на тоа дека еден дел од нас пратениците, кога се работи за ваква чувствителна материја, која директно влијае на основите на политичкиот систем во државата заговара донесување на

исцело нови закони, како што е законот за избори и отповикување на пратеници, одборници, за претседател, за политички партии итн. и притоа сите мислат дека е апсолутно возможна таа варијанта некој да предложи, а ние да донесеме сосема нови из борни закони, како да постојните изборни закони воопшто не содржат елементи кои ќе се повторат во тие сосема нови изборни закони, како да тие изборни закони не се правени према јурнеци кои постојат во земјите со парламентарна демократија итн.

XIII/1 ДВ/НД

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ** : (Продолжение)

За мене апсолутно е прприфатливо тврдењето дека и тие сосема нови изборни закони што некои од нас ги бараат ќе бидат толку нови да не содржат апсолутно ништо од овие постојни закони што сега се на сила. Според тоа и да помине нашата варијантата за сосема нови изборни закони тие изборни закони ќе бидат надоградување на тоа што ние го имаме, купување на некои елементи кои ќе внесат поголема демократичност од сличните закони што ги имаат земј9те со поголема традиција и поразвиена демократија. Ова е посебно битно заради тоа што донесувањето на вака видени и сосема нови закони се врзува со постапката околу која ние веќе се изјаснивме и денес продолжува расправата. Мислам дека со тоа што се предлагаат закони за измени и дополнување на постојните закони апсолутно не сме далеку и од оние заложби што овде се искажани за сосема нови закони заради тоа што и сосема новите закони ќе содржатваков или толкав број на измени или евентуално можеби и помалку или ја допуштам евентуалноста и за повеќе. При тоа се истакнаа две дилеми.

Едната дилема е дека овој нов закон можеби е и полош од стариот при што кај евентуално чисто новиот закон се заговара како најдемократичен мнозинскиот систем. Прво, мнозинскиот систем во имаме во постојните закони. Ако тој е најдемократичен тоа значи дека постојните закони се најдобри и нема потреба да ги менуваме.

Понатаму, се прикажува дека пропорционалниот дел по кои ќе се бираат 20 пратеници е недемократичен и дека одговара само на поедини структури и поедини граѓани. Јас го поставувам прашањето вака: Пред

неколку дена во соседната сала се одржа еден состанок во вонпарламентарните партии на која што присуствуваат, ми се чини знае потпретседателот Поповски 25 од вкупно 4 8 или 52 партии. Сите тие партии кои апсолутно не се, како што беше денес овде квалификувано од еден или од друг колективитет итн.. Може да се зборува спротивно дека практично сите присутни вонпарламентарни партии се со членови од македонскиот народ. Сите тие се залага за пропорционалниот систем и тоа се залагаа некои за 50% а некои за 70% од пратениците да се бираат во тој систем. Тоа јасно потврдува, ако дискутираме аз некаква походност на пропорционалниот систем тогаш таа погодност се гледа во тоа што се дава можност да дојдат до израз и помалите и парламентарни и вонпарламентарни партии и што е за мене најважно зошто го поддржувам тој дел на промената на моделот, инаку е сосема јасно дека и земјите кои имаат 300-годишна парламентарна традиција немаат изработено идеален модел. И тие постојано го надоградуваат. факт е дека со ваквата надоградба политичката слика, сликата на политичкото организирање на партиите кои што успеале зад себе си како членови или како симпатизери да привлечат дел од граѓаните на Македонија многу пореално ќе се преслика во овој Парламент кој што е највисоко законодавно тело. Според тоа, секое решение кое дава можност сликата на политичкото организирање и на неговата поддршка од граѓаните што поверодостојно да се преслика во Парламентот го оценувам како чекор кон поголема демократизација и кон таков состав на Парламентот во кој политичката волја на граѓаните на тие партии кои нив ќе ги претставуваат во политичкиот дел на организирање, а преку вака пренесената слика и во Парламентот ќе биде многу поефикасен и за спротивставување на интереси и за идеи и за нивна одбрана и за нудење на решение за нивна реализација.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Јас го молам претседателот на Собранието, оваа процедурална забелешка, да ми објасни во која функција му беше изјаснувањето дека пратеничката група на ЛП и пратеничката група на СДСМ поднеле барање за нови избори во однос на расправата за оваа седница. Дали ова не е обид за насочување или пак еден обичен маркетинг, бидејќи знаеме дека тие што го потпишале барањето за да им се оствари барањето знаат дека треба да се приклонат кон две опции.

Едната е или да се изгласа законот за изборните списоци предложена од ВМРО-ДПМНЕ, а втората опција е да се изгласа Законот за територијалната поделба на Македонија, предложена од ПДП, за да добијат доволен број на пратеници за изгласување на одлука за распишување на нови избори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само ви пренесов една информација. Ништо друго.

Има збор господин Џелил Таири.

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Јас ќе бидам краток, ќе дадам само едни статистички показатели.

Непосредно после изборите, познато ни беше, а тоа го имавме и во вид на извештај од Републичката изборна комисија, податоци околу тоа како се одвиваа изборите.

Овде пред малку беше речено дека албанските партии добија со таквиот систем.

Напротив, јас бидејќи сум по струка економист, ќе дадам показатели околу тоа дека ние бевме баш оштетени, и еве тоа како следи

Познато беше дека, според извештајот на Републичката комисија во РМ вкупно гласаа 522 илјади 138 од кои за партијата на ПДП и НДП гласа 179.030 гласачи кои според бројот на пратениците просекот им е 7.783.

Понатаму, РСЛП вкупно гласови имаше 41.35 4 од кои според бројот на пратениците вкупно излегува 2.353.

СДСМ 107.795 од кои според просекот на пратениците излегува 3.627.

ВМРО-ДПМНЕ 136.617 кои според бројот на пратениците излегува 1.681.

Вкупно просекот на сите овие 3 партии изнесува 3.196, од каде произлегува сега дека требаше само 15 пратеници требаше да има ПДП-НДП, бидејќи според овие проценки произлегува дека според просекот партијата на ПДП и НДП требаше најмалку требаше да има околу 40 пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам дајте да продолжиме сега.

Има збор госпоѓица Доста Димовска.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, она што се обиде претседателот на Собранието да укаже на лидерот на ВМРО-ДПМНЕ за употребената терминологија ми се чини дека немаше потреба од такво нешто бидејќи како пратеници на македонскиот парламент имаме слобода на искажување и употреба на некои зборови кои се во секојдневна употреба и се општо познати на сите луѓе. Факт е дека пратеникот Таири за ПДП го

употреби зборот албанските партии. Тие и самите така се натрекуваат и не треба за зло да се припишува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој рече дека така рекле некој од овде, а не рече тој.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Тоа е општо прифатено во секојдневната комуникација и ми се чини не треба од тоа да се прави проблем.

Што се однесува на дискусиите на некои претходни пратеници мене ми е неприфатливо да се наметнува методот во стилот на разобличување на ставови и исправање на искривени слики кои ги изнеле пратеници од други пратенички партии. Тој метод беше својствен ан минатото време, на едноумието.

Исто така беше искажана една невистина се во прилог да се создаде една непрецизна претстава со тврдењето дека опозицијата добила најголем број на пратеници, а тоа значи дека првите избори биле демократски избори и автоматски се исклучува секаква можност од говорење за манипулации при првите избори.

Факт е дека ВМРО-ДПМНЕ доби најголем број на гласови на првите повеќепартиски избори, но веројатно тој број нас гласови ќе беше многу повисок да не постоеја голем број на манипулации, на подметнувања, вклучително и познатата афера на ширење и печатење на бугарски летоци за време на првите повеќепартиски избори за која афера никој не одговараше во РМ и МВР не даде официјален извештај. Факт е дека голем дел од доказниот материјал е уништен.

Исто така еден од претходните пратеници укажа на тоа дека понудениот закон всушност нему му претходеле претходни подготовки. На целата јавност и познато дека тоа не е вистина бидејќи вон парламентарните партии, бидејќи законот беше понуден на брзина, беа свикани исто така на брзина со што исто така и парламентарните партии и јас не разбрав тука ниту од Владата ниту од пратениците од позицијата дека се респектирани предлозите на вонпарламентарната опозиција. Ниту еден нивни предлог го немаме тука пред себе, што значи дека позицијата сака во јавноста да создаде една претстава погрешна дека е за дијалог, дека е демократска партија. Но, овие постапки мене ме убедуваат во сосема спротивното дека позицијата СДС како водечка партија во позицијата воопшто не е за дијалог, туку е чисто за наметнување на сопствените гледишта и е за исклучив за закони кои се од системски карактер и за кои би требало барем помеѓу парламентарните и вонпарламентарните партии да постои едно приближување со цел во Македонија да заживее демократскиот систем.

Што се однесува до точката нас дневниот ред ценам дека предлогот за донесување на овој закон е задоцнет, но бидејќи јас ни толку не очекував од позицијата дека ќе се обиде најнапред да создаде основни предуслови за избори, го поддржувам предлогот за донесување законот за избор на пртеници и одборници со предложените измени и дополнувања. Факт е дека премиерот Бранко Црвенковски уште во своето образложение на програмата на Владата минатата година пред 11 месеци вети дека една од првите обврски на Владата ќе биде подготовка на изборната регулатива со цел да се подготват нов избори. Но тоа до ден денес изостана.

Исто така и од оваа говорница пред малку беше споменато, на 29 јануари на барањето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ за ставање

на дневен ред за изборната регулатива ни беше одговорено од страна на премиерот ако некој сака нови избори постојат закони, тоа се оние старите, иако неусогласени со првиот нов Устав во ' кој е загарантирана слободата на избор на граѓанинот. Значи, по. неколку празни ветувања на премиерот и противречни и невистини тврдења најнакрај ни е понуден предлогот на закон за избор на пратеници и одборници кои не е нов закон туку предлози за измени на постоечкиот закон според кој се одржаа првите повеќепартиски избори во Македонија за време на кое одржување се појавија многу манипулации, изигрување на и на тогаш владеачката СКМПДП и денес владеачка СДСМ. Јас ќе наведам неколку примери од такви манипулации и изигрувања на изборите.

Факт е дека изборните комисии беа составени од политички подобни граѓани, според СКМ од пензионирани милиционери и офицери на ЈНА. Друг недостаток е и можност од уфрлање на повеќе гласачки ливчиња, нивно неконтролирано пренесување од изборното место до општинската изборна комисија. Понатаму неажурираните гласачки списоци. На пример гласање и за починати граѓани, гласање на едно лице повеќе пати во повеќе изборни единици, гласање на луѓе со нерегулирано државјанство. Подметнување на компромитирачки пропаганден материјал од страна на СКМ на други партии кое помина неказнето, појава на униформирани полицајци на изборни места како што беше случајот на време на дополнителните избори во Струмица дури и гласање на група Роми под закана на полицијата во Струмица. Неможноста натаму од други недостатоци се неможноста од контрола на правичноста на изборите од страна на меѓународни организации и домашни здруженија регистрирани за таа цел. Не се променила според

мене суштински ниту состојбата во средствата за јавно информирање кои имаат клучна промена во текот на изборите. Не е извршена согласно уставните промени и трансформација на македонската телевизија, сеуште егзистираат монополите во информирањето кои се поткрепени од Владата со одложување на законите за информирање и законите за радиодифузија, како и од страна на т.н. претседателство на Парламентот кое упорно се оглушува на барањето на пратениците за завршување на 53-та седница.

Предлогот за донесувањето на Законот за избор на пратеници и одборници ќе го ценев за сериозен и како гест кој покажува определба за демократски и фер избори ако за овие недостатоци беа понудени решенија во предлогот за измени на законот, но бидејќи тие отсуствуваат во најголема мерка, факт е дека од времето на владеењето на СКМПДП во времето на владеењето на СДСМ не се изменило многу нешто во оваа област, речиси ништо. Значи, на претстојните избори не треба да очекуваме фер избори туку брутална нечесна борба на СДС за задржување на власта без воздржување и од најдиректна примена на репресија врз опозицијата. За тоа им недостига само еден детаљ, а тоа е законот за таканаречениот вербален деликт, но за среќа Владата го повлече овој предлог со што немаше да се разликуваме многу од демократскиот режим на Слободан Милошевиќ.

Почитувани пратеници, потребата од донесување на ваков закон е несомнена доколку сакаме да му овозможи на секој граѓанин да избира што е основно право на човековата егзистенција и како резултат на тоа вградена во сите демократски системи. Но, таа не може да се оствари со измами, со притисоци, со диктат на владеачката СДС. Неопходно е да се земе предвид и предлозите на  ВМРО-ДПМНЕ кои се содржани во

предложените амандмани. Доколку не дојде до прифаќање на предлозите за подобрување на текстот на законот во спротивно не ќе се создадат услови за пресекување на така- наречената"нежна диктатура.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има реплика господин Тито Петковски.

(Гласови на негодување дека Тито Петковски не е спомнат)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас мислам дека имам право на реплика бидејќи алузијата со тие летоци е многу препознатлива. Велите не сум спомнат, но алузијата е, Јас во оваа сала незнам кој друг, еве три години не беше напаѓан за таа работа, нели. Од македонската литература има еден познат лик Јосип од Трбушница. Кој што, а тој истото пак истото. Три години еве овде сакајќи да ни ја затвораат устата, истата госпоѓица и некои од нејзината пратеничка група, летоците па летоците. Еве расправавме за тие летоци. Ни еден аргумент не се извади. Органите нека си ја бркаат работата, никој не ги ограничува. Како што мислам исто така дека органите треба да кажат и за повикот госпоѓица Димовска што го напиша за општонароден бунт во Македонија против власта. Тоа е кривично дело, казниво по закон. Незнам зошто не се произнесуваат органите и за тоа. Сигурно треба да се произнесат. Според тоа за тоа расправавме и да ги оставиме надлежните органи. Сега разговараме за сосема друг закон што во овој контекст нема никаква врска за кое говореше госпоѓица Димовска. Пледоаје фактички овде имаше од нејзина страна против изборите. Тоа е прашање на политичката партија и стратегијата на политичката партија дали сака или не сака нови избори. Но, аргументите

цело време беа против избори дека ВМРО-ДПМНЕ не сака нови избори.

Сега нешто за летоците и фалсификатите. Само да ја потсетам г-ѓица Димовска секаде, тоа морам да го кажам поради јавноста, секаде како што надлежните органи ги пронајдоа летоците ВМРО ги доби изборите. Според тоа не може да се каже дека се оштетени. Некаде се пронајдени летоци а ВМРО ги изгубил изборите и тоаноќта во очи на изборите.

Понатаму со комисиите. Па ве молам имавте и приговори и жалби до Врховен суд, а сега со овој закон се предвидува обврска во законот, се конституира да има секоја политичка партија која кандидира свои пратеници да има член на комисијата во променлив состав и негов заменик. Според тоа постојано присуство и за време и дури на избирачките места претставник на политичка партија што кандидира. Секако на тој начин се обезбедува максимална контрола на чесноста,законитоста, легалноста на изборите. Незнам ако на тој план нешто не е добро до крај осмислено, дајте амандмани има со предлози да го направиме тоа, а не дека не се предвидува во законот таа работа, па тогаш 6е разговараме кога ќе дојдат на ред амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам сакам да утврдивме фактичка состојба дали можеме да го утврдиме општиот претрес.

Има збор госпоѓа Доста Димовска.

XIV/1. -РД/МЛ

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Најнапред имам една деловничка забелешка. Кога се работи за општи смртници, за пратеници од опозицијата, ако не се спомнати во нечии настап и ако сакаат реплика, не им се дозволува реплика. А таканареченото претседателство, овде си има монопол, кога сака за секоја тема може да настапи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте, немојте. Еднаков е критериумот.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Дали е еднаков критериумот, јавноста ќе каже. Не е овдека некој судија да мери. Факт е дека потпретседателот на Собранието Тито Петковски со име и презиме не беше спомнат, му се даде можност овде повторно да настапи. Исто така ја злоупотреби говорницата кога искажа неколку тези кои што би сакал тој да бидат општо прифатени, се со цел да се преземе иницијативата заради политички маркетинг, а тоа е дека опозицијата не сака избори. Посмешно нешто во било која држава нема. Како може партијата која што не е на власт да не сака избори, чија што цел е доаѓање на власт. Факт е дека во сите настапи на пратениците беа искажани барањата за промени, барањата за избори, но исто така беа дадени и предлози. Ако некој сака монополски да се однесува и да настапува овдека по диктат, да отфрли секој предлог на опозицијата, тоа е друго прашање. Ако се дадат предлози на амандмани и тоа се смета дека некој не сака избори, тоа навистина е неразбирливо.

Друга работа, тука никој не кажа кој ги ширел летоците за време на изборите. Факт е дека постоеше седница на Парламентот, во извештајот на Комисијата за контрола на државната безбедност стои  фактот дека

голем дел од документите за овој случај на растурање на летоци за време на изборите доказниот материјал од самата МВР бил уништен. Исто така стои факт дека за тој случај биле известени членови на Централниот комитет на Сојузот на комунистите на Македонија. Исто така е факт дека никој не одговара. Ако некој се залага за прав на држава треба да се заложува за расчистување на овие нелегални и недемократски дејствија.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас процедурално да се јавам на говорница и ќе бидам многу краток. Ние сме сега во фаза на предлог на законот и водиме општа расправа по однос на Предлогот на законот. Тоа е една работа. А за таа работа овде во Парламентот сите се изјаснивме со дигање на рака. Само денеска тоа не можеме да го гледаме. Единствено ако камерата има некоја емисија без наслов но со повод ќе видиме дека сите се согласивме за она што денеска е расправа на дневниот ред. Тоа е една работа. Начинот на апсолвирање на тоа прашање беше затоа што сите во Собранието и гласавме, со мнозинство пратеници. Но мотивите на одредени пратеници денеска што повторно ја враќаат расправата назад, не може поинаку политички тоа да се протолкува, освен со одредени политички намери што сакаат одредени пратеници да постигнат во врска со постапката околу носењето на овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вашата интервенција не е деловничка, туку е политичка. Ќе се јавите за збор и ќе ви дадам збор.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

За збор ќе се јавам утре, бидејќи гледам дека расправата зема друг тек.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е деловничка вашата интервенција. Вашата интервенција е политичка. Вие не сте задоволни од политичките ставови на некои од учесниците во расправата. Имате право да земете збор. Ќе си земете збор и ќе си кажете.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас ќе се јавам утре за збор, денеска заврши расправата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Деловнички укажавте дека итноста е решена, за тоа гласав- ме и тоа е уврстено сега во дневниот ред.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Дозволете. Кога укажав дека деловнички е така, зошто не- кој некого секогаш сака да го оптужува и секогаш во другиот гледа дека секогаш тој е крив за таа работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Натаму веќе е политичко прашањето.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Затоа сакам расправата да се сведе на она што се договоривме. Ја за дискусија се јавувам господине претседателе, но денеска мислам дека расправата е завршена. Утре расправата нека се продолжи и ја ќе се јавам за дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде сега има двајца учесници во општиот претрес пријавени. Господинот Пановски и господинот Харуни. Дали можеме вечерва да завршиме. Утре да работиме по амандманите.

XIV/4.-

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Се јавувам за збор по втор пат. Од оваа говорница господинот Тито Петковски искажа една работа, која што се надевам несакајќи ја кажа, а ќе го цитирам, тоа е дека ВМРО доби во оние избор- ни единици, каде што беа фрлени бугарските летоци. Тоа е едно сериозно обвинување против македонскиот народ, импутирање бугарштина на македонскиот народ. Барам господинот Тито Петковски да го демантира, да каже дека не го мислел тоа што го кажа, зашто излегува де- ка по неговото искажување дека ВМРО добил благодарејќи на тие бугарски летоци, што навистина е страшна работа. И уште еднаш апели- рам да излезе овде да го демантира тоа свое искажување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ова што го мислеше господинот Пановски,го кажа. А јас ќе кажам ја што мислам.

Бидејќи госпоѓица Димовска кажа дека ВМРО ќе добиеше многу повеќе места, отколку што доби, доколку не беа рас- турени тие летоци таму. Ја сакам само да кажам, да ја демантирам дека во оние изборни единици, каде што надлежните органи пронашле летоци, ВМРО ги доби изборите, и ништо не додадов. Ве молам, ниту квалификација. Ова што мисли господинот Пановски, тоа си е негов проблем.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Повторно од истиот пратеник уште едно произволно толкување и јас незнам дали се работи за намерно толкување, или па некој не ги следи излагањата на пратениците, така што го упатувам да ги земе стенограмите, бидејќи од моја страна не е искажано такво тврдење дека да не било ширењето за време на изборите летоци на бугарски јазик, ВМРО-ДПМНЕ би добила повеќе пратеници. Тоа е чиста вулгаризација

XIV/5.-

на излагањето. Јас говорев за голем број на манипулации за време на минатите избори и оттаму кажав дека една од тие манипулации, злоупотреби, криминали да ги наречам, беше и ширењето на летоци на бугарски јазик. Оттаму кажав дека заради сите овие манипулации, заради изборните комисии, заради нивниот состав, заради уфрлање на голем број на гласачки листови, присуство на полиција итн., ВМРО-ДПМНЕ веројатно, ако не постоеја тие злоупотреби, ќе добиеше многу поголем број на пратенички места, а исто така го поддржувам толкувањето што тука го даде господинот Михаил Пановски дека исказот што го употреби господинот Тито Петковски, дека ВМРО- ДПМНЕ добила во оние изборни единици каде што биле ширени летоци на бугарски јазик, претставува навреда за македонскиот народ.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Претседателе, во салата нема ни доволно пратеници. Немаме ни кворум.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа јас водам сметка.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Вие одлучувате. Меѓутоа јас на говорница треба да бидам до 19 часот најмалку. Дали другарите ќе истраат да ме сослушаат. Затоа јас уште пред малку реков дека времето на седницата заврши. Утре предлагам во 10 часот да продолжиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може господинот Харуни да закажува седница. Тој само си изнесе мислеше. Ве молам станува збор за следното. Не можеме ние да се задржиме три дена на општиот претрес. Ве молам дали господинот

Харуни сака збор? (Не сака збор).

Дали некој друг бара збор во општиот претрес?

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, особено вие од СДС гледам дека сте многу културни и со една галама сакате да ги спречите говорниците да зборуваат, меѓутоа, културата нека ви остане ваша. Само сакам да кажам дека кога се гласаше за итноста, јас не бев тука, меѓутоа целата парламентарна група на ВМРО-ДПМНЕ што присуствуваше тука гласаше за итноста од следниве причини: Ние иако знаевме дека со членот 10 од Уставниот закон, став 4, се вели дека треба да се до- несе закон за избор на пратеници, повеќе пратеници тука од нашата партија и од независните пратеници укажаа дека фактички на некој начин Владата, господинот Ханџиски сигурно како културен човек и стар ВМРО-вец, со дедо џандар српски сигурно дека ќе може малку да ме сослуша.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте со такви искази.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Гледам дека ми се наметнува некако ме збуни, незнам што сакам да кажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие се обраќате на Парламентот, на Собранието, не на поединци.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Сакам само да кажам само за културата на пратениците од СДС.

XIV/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам создадете атмосфера за работа.

**СТОЈКОВ:**

Затоа велам пратениците од ВМРО-ДПМНЕ гласаа за итноста, иако знаеја, свесни дека прават еден уставен прекршок, така би рекол, зашто може на некој независен пратеник утре да му текне да го оспори овој закон, бидејќи е крпеница закон, бидејќи е едно обично шминкање, па мислам дека Владата подобро ќе направела, ако овие предложени измени и дополнувања на овој закон ги вметнала во постоечкиот закон и ни понудела, така да не залаже, еден Предлог на закон, без разлика, исто ќе гласавме по итна постапка да го донесеме, ќе се согласевме, а вака излегува дека сите ние ќе учествуваме, и јас свесно ќе учествувам во еден уставен прекршок, така би го нарекол, меѓутоа, во интерес на тоа што побргу да завршиме, јас ќе гласам за овој закон се разбира, ако повеќето од амандманите ни бидат прифатени за да имаме навистина едни фер избори, а не на некој начин да учествуваме во една фарса од избори. Ако некој мисли дека ќе ги добие изборите, сигурно се лаже, а јас искрен да бидам ќе кажам дека СДС во овој случај ќе биде збришан од политичката сцена, благодарејќи на нови партии, но благодарејќи на ВМРО-ДПМНЕ, затоа што македонскиот народ, затоа сум сигурен, без разлика што имаме ваков еден крпеница закон, сепак ќе знае за кого да гласа и затоа во интерес на партијата ВМРО-ДПМНЕ да има што побрзо избори и чесни избори. Ако играте нечесно и ние ќе играме, тоа сакам се-га да ви го порачам од оваа говорница, ако треба ако вие пробате со сила и ние со сила, да видиме кој ќе предизвика тогаш граѓанска војна, дали вие од СДС што сакате со сила да ја задржите власта, а немате поддршка, ако пробате- со сила ќе ви одговориме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес. Ја прекинувам сега седницата,утре да продолжиме во 10 часот

(Седницата прекина со работа во 17,50 часот).